FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

# Предизвици

СПИСАНИЕ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА

## Гордоста во фокус:
## Рефлексија на Јуни во Септември

број 21 09|2024



Предизвици

СПИСАНИЕ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА

# **ГОРДОСТА ВО ФОКУС:**
# РЕФЛЕКСИЈА НА ЈУНИ ВО СЕПТЕМВРИ

FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

ИМПРЕСУМ

**П Р Е Д И З В И Ц И** - списание за општествени прашања

**ТРИМЕСЕЧНИК** - излегува четирипати годишно
(март/јуни/септември/декември)

ГОДИНА V
БРОЈ 21
СЕПТЕМВРИ 2024
Електронска публикација/примерок

**ИЗДАВА**
ФОНДАЦИЈА „ФРИДРИХ ЕБЕРТ“ – СКОПЈЕ

**ОДГОВОРНО ЛИЦЕ**
Нита Старова, Фондација Фридрих Еберт

**РЕДАКЦИЈА:**
Мила Ристановска
Евгенија Јанакиеска
Стефанија Кузмановска
Бежика Асан
Ера Ѓакова

**ПРЕВОД ОД АЛБАНСКИ НА МАКЕДОНСКИ:**
Блерина Старова Златку

**ЛЕКТОР:**
Инда Костова Савиќ

**ГРАФИЧКИ УРЕДНИК:**
Стефан Стојковски, КОНТУРА

Текстовите се примаат на адреса:
Фондација „Фридрих Еберт“
бул. „8 Септември“ 2/2-5
1000 Скопје (ТЦЦ Гранд Плаза)
Тел. + 389 2 3093-181/-182
Е-пошта: nita.starova@fes-skopje.org

Ставовите изразени во авторските текстови не нужно ги одразуваат ставовите на Фондацијата „Фридрих Еберт“ канц. Скопје

Фондацијата Фридрих Еберт почна со издавање на списанието "Предизвици" во 2019 година со идеја да понуди платформа за анализа и искажување на мислења и ставови за сите предизвици со кои Северна Македонија се соочува на политички и општествен план, сега и ќе се соочува во иднина. Во изминатите 5 години беа издадени вкупно 20 изданија на списанието на различни актуелни теми на кои пишуваа еминенти автори од земјата и регионот. Авторите ги споделува своите ставови во насока на клучните реформи и политики на кои треба да се посвети внимание и критички ги дискутира моменталните достигнувања. Сите членови на уредничкиот одбор несебично се вложија во овие 5 години за одржување на континуитетот, актуелноста и квалитетот на секое издание.

По 5 годишно постоење, Фондацијата Фридрих Еберт во консултација со членовите на редакцијата на списанието одлучи дека е време на "Предизвици " да му се даде еден нов, поинкаов лик и контекст. Одлучивме дека списанието треба да им послужи како простор за искажување на ставови на оние кои најмалку добиваат можност за тоа – на младите луѓе. "Предизвици" и понатаму понатаму ќе обработува разни предизвици, но од сега од гледна точна на младите во земјата и регионот.

Им благодариме на сите досегашни автори за нивните искрени и остри анализи и коментари и се надеваме дека овозможивме корисни податоци за сите читатели. Особена благодарност до сите наши соработници кои во изминатите години беа вклучени во уредувачкиот одбор и дадоа свој допринос во градење на успешна

Воедно и посакуваме многу успех на новата редакција составена од млади и амбициозни девојки, кои уште од самиот почеток покажаа сериозен оптимизам и посветеност. Продолжете така и отварајте теми за сите предизвици за кои треба да се зборува!

Нита Старова
Program Manager, FES Skopje

МИЛА РИСТАНОВСКА

Секоја година, на почетокот на месец јуни, ширум светот, па така и кај нас, започнува прославувањето на „Месецот на гордоста", познат и како „Pride Month". „Месецот на гордоста" започнал да се прославува со цел да се одбележи бунтот на припадниците на ЛГБТК+ заедницата што се случил на 28 јуни 1969 година, во мотелот „Стоунвол Ин", Њујорк. Иако овој бунт не е прв настан од таков карактер, тој претставува почеток на борбата против системската дискриминација на ЛГБТК+ заедницата. Судирот меѓу Њујоршката полиција и припадниците на ЛГБТК+ заедницата во мотелот „Стоунвол Ин" траел неколку денови и станал симбол на отпор и почеток на борбата за еднакви права, носејќи со себе бран нови движења, не само во Соединетите Американски Држави, туку и низ целиот свет.

На самиот почеток не го употребив случајно терминот прославување, термин кој најчесто се употребува кога се спомнува одбележувањето на „Месецот на гордоста", но што точно прославуваме? Дали навистина имаме причина за прослава? Дали ние, како општество и како поединци, имаме направено таков системски, но и интелектуален прогрес за да имаме причина да прославуваме? Дали на 55-годишнината од бунтот во „Стоунвол" можеме да кажеме дека припадниците на ЛГБТК+ заедницата ги уживаат истите: права, слободи и безбедност коишто треба да ги има секој поединец во едно општество? Неспорно е дека има одреден напредок, но додека го славиме напредокот, важно е да ги признаеме и предизвиците коишто сѐ уште постојат. Дискриминацијата, насилството и стигматизацијата сѐ уште влијаат и се неминовен дел од секојдневието на голем број припадници на ЛГБТК+ заедницата.

„Месецот на гордоста“ е повеќе од паради и фестивали, тоа е моќно потсетување на борбите со кои се соочуваат многу индивидуи во нивната потрага по признавање и права. „Месецот на гордоста“ служи како потсетник: да бидеме солидарни, да се залагаме за промени и да ги поддржуваме оние кои неуморно работат за еднаквост.

Правејќи рефлексија на „Месецот јуни“, оддаваме почит на: отпорноста, издржливоста, креативноста и различноста. Правејќи ретроспектива на „Месецот на гордоста“, колективно да се посветиме да ги одржуваме вредностите на инклузивност и почит во текот на целата година. Да се посветиме на создавање на општество во кое имаме обврска да се осигураме дека секој, без разлика на тоа како се идентификува, може да живее слободно и без страв.

СОДРЖИНА

4 ЕДИТОРИЈАЛ

7 ПАРАДА НА ГОРДОСТА: ПЕРСПЕКТИВАТА НА МЛАДИТЕ

ЕВА ЦВЕТКОВСКА

10 VLERAT FAMILJARE

СЕМЕЈНИ ВРЕДНОСТИ

ФАТОС ГРУБИ

22 ПРОГРЕС – ИНКЛУЗИВНО ОПШТЕСТВО – ИЗДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА – ЗАКОНСКИ ИЗМЕНИ

МАРИЈА КРСТЕВА

26 ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ЛГБТИ+ ЛИЦАТА

БЕБА ЖАГАР

38 ИНДОГ ИЛУСТРАЦИИ

ГОРАН КОСТОВСКИ- ИНДОГ

44 СПЕКТАКУЛАРНО НЕПОСЛУШНИ

ИВАН ИВАНОВИЌ

48 ОД СЕКОГАШ ИМАВМЕ ЌЕРКА

ИЛЈА ЛИН ГЛАДКОВА

54 ВЛАКНА И КАМЕЊА: КАКО ПРИФАЌАЊЕТО НА ТРАНСРОДОВИТЕ ЛУЃЕ ЗНАЧИ СЕБЕПРИФАЌАЊЕ И СЛОБОДА ЗА СИТЕ

КАИ ГЛАДКОВА

59 ПОЕЗИЈА НА АНОНИМЕН АВТОР

# ПАРАДА НА ГОРДОСТА: ПЕРСПЕКТИВАТА НА МЛАДИТЕ

ЕВА ЦВЕТКОВСКА

*Ева Цветковска е магистер по правни науки, насока: Меѓународно право и односи, на факултетот „Јустинијан Први“ во Скопје. Уште на почетокот од своите студентски денови се бори за правата и интересите на студентите, почнувајќи од факултетско ниво, сè до 2021 година кога е избрана за претседателка на Универзитетското студентско собрание на УКИМ. Активна е во борбата за интересите и правата на младите, особено за унапредување на позицијата на младите од маргинализирани категории и градење поубав и инклузивен живот локално.*



Парадата на гордоста истовремено е: прослава и протест, слава на идентитетот и солидарноста, борба и барање за достоинство и еднакви права. Оваа година во Македонија се одржа петтата по ред Парада на гордоста, и како и секоја мината, младите се оние кои ги наполнија улиците со: слобода, забава, непослушност кон патријархалната норма, но најважно од сè, го вложија својот труд во реализацијата и енергијата на целиот настан. Волонтери, артисти, говорници и гласноговорници се младите.

Учеството на младите е срцето на парадите на гордоста, особено во земји како нашата. Подразбира многу повеќе од само организација, енергијата на младите вложена во парадата значи надеж за општествен и индивидуален прогрес и пат кон негување на човековите права.

**НА КРАЈОТ, ВАЖНО Е ДА СЕ ИСТАКНЕ ДЕКА ПАРАДИТЕ НА ГОРДОСТА И СЛИЧНИТЕ ИНИЦИЈАТИВИ НЕ СЕ САМО МОМЕНТИ НА ПРОСЛАВА, ТУКУ И ЗНАЧАЈНИ ЧЕКОРИ КОН ПРОГРЕСИВНО И ИНКЛУЗИВНО ОПШТЕСТВО. ПРЕКУ АНГАЖИРАЊЕТО ВО ВАКВИ АКТИВНОСТИ, МЛАДИТЕ ИСПРАЌААТ ЈАСНА ПОРАКА ДЕКА ИДНИНАТА ИМ ПРИПАЃА НА ОНИЕ КОИ СЕ ПОДГОТВЕНИ ДА СЕ БОРАТ ЗА СВОИТЕ ПРАВА И ДА ГИ УНАПРЕДУВААТ ОПШТЕСТВЕНИТЕ ВРЕДНОСТИ. ОВА Е ПАТОТ КОН ГРАДЕЊЕ ОПШТЕСТВО ВО КОЕ СЕКОЈ МОЖЕ ДА СЕ ЧУВСТВУВА ПРИФАТЕН И ЦЕНЕТ, БЕЗ ОГЛЕД НА СВОЈАТА РАЗЛИЧНОСТ.**

Покрај генералната апатија и хиперindивидуализам што владеат, парадата и месецот на гордоста се светла точка којашто нуди ретка платформа за младите да се изразат слободно и без страв од репресија. Ретко веќе што остана да разбуди во нас чувство на заедништво и припадност, а парадата, па и целиот месец на гордоста, вредносно нè обединува во борбата за еднаквост. Уникатноста на ЛГБТ+ заедницата е: преку уметноста и забавата, експресивноста и ексцентричноста, наспроти плиткиот, без врска и бездушен кич, да се борат за правата и слободите коишто им припаѓаат. Тоа е токму она што им доликува на прогресивните и широкоуми млади.

Да се биде дел од парадата, особено во нашиот контекст, за младите значи потврда на нивниот идентитет, што, пак, ја негува нивната самопочит. Ова чувство ги охрабрува да замислат иднина во својата земја, наместо да трагаат по базично прифаќање на личноста

во странство. Сметам дека во моменталниот контекст, конзервативните сили треба да бидат многу позагрижени за масовното иселување на младите од државата, отколку за догматски дефинираните „семејни вредности“. На крајот на денот, кој ќе гради воопшто семејства тука, ако повеќето си отидат?

Според едно неодамнешно истражување, околу 80 % од младите сакаат да ја напуштат земјата, а еден од главните фактори е токму конзервативната средина и сфаќања. Сепак, во конзервативните општества, стравот од промени не е ограничен само на ЛГБТ+ заедницата. Ова влијае врз сите институции и аспекти на општествениот живот, каде што недостасува прогрес и модернизација. Ваквите околности создаваат неповолна клима за младите, кои се чувствуваат заглавени во место без можности за напредок и личен развој. И, токму затоа, настани како парадата на гордоста може да внесат доза на надеж и мотивација кај младите да останат во својата земја и да се борат за подобра иднина, преку промовирање на: толеранција, прифаќање и општествени реформи.

Парадата на гордоста не само што ја слави ЛГБТ+ заедницата, туку и промовира поширока свест за важноста на човековите права и социјалната правда. Младите, преку своето учество и енергија, ја пренесуваат пораката за неопходноста од општествени реформи. Тие покажуваат дека промената е можна и дека борбата за права и еднаквост не е само лична, туку и колективна обврска. Ваквите настани ја поттикнуваат младината да размислува критички и да се ангажира активно во изградбата на подобро општество.

Дополнително, парадата на гордоста служи како инспирација и охрабрување за многу млади луѓе кои се чувствуваат изолирани или несигурни во конзервативната средина. Кога гледаат како нивните врсници храбро се изразуваат и се борат за своите права, тоа им дава надеж и мотивација дека и тие можат да се изборат за подобра иднина. Ова чувство на поддршка може да биде пресудно во одлуката на многу млади да останат и да придонесуваат за позитивни промени во својата земја.

# VLERAT FAMILJARE

FATOS GRUBI

*Fatos Grubi është shkrimtar që merret me aktivizëm, gazetari dhe avokim për barazinë gjinore dhe të drejtat e njeriut. Ai shkruan për portalin Mollekuqja.mk, ku fokusohet në përforcimin e zërave të margjinalizuar dhe sfidimin e normave patriarkale në Maqedoninë e Veriut. Artikujt e tij shpesh trajtojnë çështje si normat e ngurta gjinore, fokusi i tepruar në virgjërinë e grave dhe rolet tradicionale gjinore në shoqëritë maqedonase dhe shqiptare.*

*Përveç shkrimit, Grubi është i punësuar në Këshillin për Etikë në Media në Maqedoni (KEMM), i përfshirë në projekte që inkurajojnë përmirësimin e shkrim-leximin mediatik, zbulimin e lajmeve të rreme, si dhe për të luftuar gjuhën e urrejtjes dhe për të rritur ndërgjegjësimin për etikën në media. Aktivizmi i tij shtrihet përtej roleve profesionale, dhe është rregullisht i përfshirë në protesta, paraqitje mediatike dhe forma të tjera të avokimit për të drejtat e grave dhe vajzave dhe komunitetit LGBT.*



Koncepti i vlerave tradicionale familjare shpesh ngjall imazhe të familjes bërthamë - bashkësi e përbërë nga një çift heteroseksual me fëmijë biologjik - si shtyllë apo normë e shoqërisë së shëndoshë. Këto vlera vënë theks mbi martesë stabile, role gjinore të përcaktuara, dhe rritje të fëmijëve brenda kornizave të partneriteteve heteroseksuale. Në shumë vende të botës, ky model i familjes çmohet dhe konsiderohet si themeli i një shoqërie të qëndrueshme dhe me integritet moral. Por, familja jo gjithmonë ka pasur këtë strukturë. Familjes bërthamë i paraprin familja agrare, e cila përbëhej nga shumë anëtarë, përfshirë edhe familjen e zgjeruar, ndërkohë që përcaktimi i martesës në Kanunin e Lekë Dukagjinit thotë që ky bashkim shërben që t'i shtohet shtëpisë një person më tepër, për të ndihmuar me punët [e shtëpisë dhe tokës], dhe për të shtuar fëmijë. Kjo strukturë ndryshoi me ardhjen e revolucionit industrial, dhe familjet u bënë më të vogla. Një çift tipik kapitalist i klasës së mesme përbëhej nga burri, i cili zakonisht punonte jashtë shtëpisë për të ofruar mbështetje financiare, dhe gruaja, përgjegjëse për mirëmbajtjen e një shtëpie shumë më të vogël dhe për kujdesjen e fëmijëve.

Përparimi i të drejtave të grave dhe zbutja shkallëzore e dokeve të popullit ballkanik përcillet me rritjen e familjeve monoprindërore dhe atyre dykombëshe, si një dukuri e natyrshme e progresit shoqëror.

Duke pasur parasysh këtë evolucion të vazhdueshëm të dinamikës së familjes për t'iu përshtatur ndryshimeve dhe vetëdijesimit shoqëror, pse bashkimi i të njëjtit seks ballafaqohet me një revoltë kaq të madhe? Cili është rreziku që e përfaqëson një çift homoseksual për shoqërinë, dhe a është ky rrezik i vërtetë apo i paramenduar?

## Demonizimi i homoseksualitetit

Demonizimi i homoseksualitetit ka rrënjë të thella historike, të cilat mund t'i gjejmë në tekstet e lashta dhe në zhvillimin e strukturave më të vonshme shoqërore. Një pikë e rëndësishme ishte ngritja e feve abrahamike, pra judaizmit, krishterimit dhe islamit. Kisha e hershme e krishterë, e ndikuar nga traditat hebraike dhe morali greko-romak, filloi të dënojë marrëdhëniet mes të njëjtit seks. Pasazhet biblike, si ato te "Levitiku" dhe "Romakëve", si dhe populli i Lutit në Kuran, u interpretuan si ndalime hyjnore të homoseksualitetit. Me përhapjen e krishterimit nëpër Evropë, u përhapën edhe këto interpretime, duke krijuar një kornizë morale dhe ligjore që stigmatizonte sjelljen homoseksuale. Në mesjetë u krijuan ligje për sodominë dhe aktet seksuale mes personave të të njëjtit seks dënoheshin rëndë, duke përfshirë dhe dënimin me vdekje. Kjo periudhë shënoi rrënjosjen e homo-

fobisë brenda normave ligjore dhe kulturore perëndimore, të cilat më vonë u zgjeruan globalisht përmes kolonializmit.

Në anën tjetër, shumë qytetërime të mëparshme shfaqën një qëndrim më pranues ndaj marrëdhënieve të të njëjtit seks. Greqia e lashtë, për shembull, është e njohur për pikëpamjet e saj relativisht të hapura mbi homoseksualitetin, veçanërisht midis burrave. Marrëdhëniet midis meshkujve të rritur dhe meshkujve më të rinj jo vetëm që toleroheshin, por shpesh idealizoheshin si një formë mentorimi. Në mënyrë të ngjashme, Roma e lashtë, ndonëse më komplekse në zakonet e saj seksuale, gjithashtu lejoi marrëdhëniet homoseksuale në kushte specifike shoqërore. Përtej Evropës, kultura të shumta indigjene nëpër Afrikë, Amerikë dhe Azi njohën dhe nderuan orientime të ndryshme seksuale dhe identitete gjinore. Për shembull, koncepti i personave dy-shpirtor apo "Two-Spirit" i amerikanëve indigjen integroi identitete jo-heteronormative në rolet shoqërore dhe praktikat shpirtërore, duke i parë ata si zotërues të perspektivave unike dhe të vlefshme.

Kalimi nga pranimi i homoseksualitetit në demonizimin e tij nxjerr në pah një transformim domethënës, të ndikuar kryesisht nga fuqitë fetare dhe perandorake. Ndryshe nga shoqëritë e mëparshme që i shihnin marrëdhëniet homoseksuale si një pjesë të natyrshme dhe shpesh integrale të jetës shoqërore, ngritja e feve monoteiste krijoi një përçarje morale që i klasifikonte këto sjellje si mëkatare dhe devijuese. Kjo perspektivë u përforcua më tej nga strukturat politike që kërkonin të kontrollonin dhe homogjenizonin normat shoqërore për hir të unitetit dhe rendit. Megjithatë, këto ndryshime historike nuk u bazuan kurrë në dëshmi empirike apo dëme shoqërore. Pavarësisht mungesës së dëshmive, ndikimi i tyre ishte shumë i vërtetë dhe i tmerrshëm për anëtarët e komunitetit LGBTQ+.

### Mitet dhe keqkuptimet

Persekutimi i komunitetit LGBTQ+ ndodh nga strukturat ekzistuese të pushtetit dhe ata që përfitojnë nga normat dhe vlerat tradicionale, ndërsa qëllimi është ruajtja e kontrollit dhe vazhdimësia e një status quo-je të pabarabartë. Këto struktura mund të jenë krerët politikë, institucionet fetare, konservatorët shoqëror, korporatat e caktuara, mediat dhe individët që kërkojnë përfitime personale. Duke kuptuar se si funksionojnë këto grupe dhe dinamikat e tyre, ne mund të adresojmë dhe sfidojmë më mirë forcat që përjetësojnë diskriminimin dhe pabarazinë ndaj komunitetit LGBTQ+.

Një mënyrë për ta bërë këtë gjë është të kuptojmë se argumentet që përdoren kundër homoseksualitetit janë pjesë e një retorike frikësjellëse, dhe nuk bazohen në dëshmi shkencore. Ato përsëriten gjeneratë pas gjenerate për të heshtur diskutimin e mirëqenë, dhe për të parandaluar ndryshime në perceptimin dhe pranimin e homoseksualitetit, gjë që do të sillte reforma shumë të nevojshme.

Disa prej atyre argumenteve janë:

1. *"Homoseksualiteti nuk është i natyrshëm".*

   Homoseksuali shpesh argumentohet se është i panatyrshëm; megjithatë, kërkime të gjera e kundërshtojnë këtë pretendim duke dokumentuar sjelljen homoseksuale në specie të shumta kafshësh. Mbi 450 specie, duke përfshirë pinguinët, delfinët dhe primatët, shfaqin marrëdhënie mes individëve të të njëjtit seks. Kjo tregon se homoseksualiteti është një dukuri natyrore në mbretërinë e kafshëve, jo thjesht një fenomen njerëzor. Libri i Bruce Bagemihl, "Bollëku biologjik: Homoseksualiteti i Kafshëve dhe Shumëllojshmëria Natyrore", ofron dëshmi gjithëpërfshirëse që mbështesin ekzistencën natyrore të homoseksualitetit në një gamë të gjerë speciesh.

2. *"Homoseksualiteti është një zgjedhje".*

   Pohimi se homoseksualiteti është një zgjedhje është hedhur poshtë nga kërkime të gjera psikologjike dhe mjekësore. Orientimi seksual kuptohet të jetë një karakteristikë e ndërlikuar që ndikohet nga faktorë gjenetikë, hormonalë dhe mjedisorë, e nuk është çështje e vendimit personal. Puna e Simon LeVay, "Gej, Strejt dhe Arsyeja Pse: Shkenca e Orientimit Seksual", hulumton themelet shkencore të orientimit seksual, duke arritur në përfundimin se ai nuk është një zgjedhje vullnetare, por një aspekt i rrënjosur thellë në identitetin e një individi.

3. *"Homoseksualiteti është i dëmshëm për shoqërinë".*

   Pretendimeve se homoseksualiteti është i dëmshëm për shoqërinë u mungon mbështetja e dëshmive empirike. Në fakt, studimet tregojnë se shoqëritë që përkrahin të drejtat dhe përfshirjen e komunitetit LGBTQ+ përjetojnë rezultate pozitive sociale dhe ekonomike. Libri i M.V. Lee Badgett, "Paratë, mitet dhe ndryshimi: Jetët ekonomike të lezbikeve dhe burrave gej", diskuton se si politikat gjithëpërfshirëse lidhen me shëndet më të mirë, rritje të produktivitetit ekonomik dhe kohezion më të madh shoqëror, duke hedhur poshtë mitin se

homoseksualiteti është i dëmshëm për shoqërinë.

4. *"Homoseksualiteti është kundër besimeve fetare".*

   Ndonëse doktrinat më të mëdha fetare e kundërshtojnë homoseksualitetin, shumë grupe dhe besime fetare pranojnë dhe mbështesin individët LGBTQ+. Interpretimet e budizmit, Kuakerëve, kishave të reformuara të judaizmit dhe kishës peshkopale janë më pozitive ndaj personave LGBTQ+. Për më tepër, shoqëritë laike këmbëngulin që të bëhet ndarja e besimeve fetare nga të drejtat civile, duke siguruar që liritë personale të mbrohen pavarësisht pikëpamjeve fetare. Rrjeti i Arkivave Fetare LGBTQ (LGBTQ Religious Archives Network) dokumenton shumëllojshmërinë e perspektivave fetare mbi homoseksualitetin, duke theksuar qëndrimet gjithëpërfshirëse brenda traditave të ndryshme.

5. *"Fëmijët e rritur nga çifte homoseksuale kanë jetë më të vështirë".*

   Hulumtimet tregojnë vazhdimisht se fëmijët e rritur nga prindër të të njëjtit seks janë në të njëjtin nivel zhvillimor me fëmijët e rritur nga prindër të seksit të kundërt. Studimet tregojnë se nuk ka dallime të rëndësishme në mirëqenien psikologjike, arritjet akademike ose aftësitë shoqërore mes këtyre dy grupeve. Puna e Charlotte J. Patterson, "Fëmijët e prindërve lezbike dhe gej: Psikologjia, Ligji dhe Politika" shqyrton studime të shumta që konfirmojnë se orientimi seksual i prindërve nuk ndikon negativisht në zhvillimin e fëmijëve, duke hedhur poshtë pretendimin se prindërit e të njëjtit seks janë të dëmshëm për fëmijët.

## Të drejtat njerëzore dhe liria e mendimit

Të drejtat e njeriut janë të drejtat dhe liritë themelore që i takojnë secilit, pavarësisht nga prejardhja, besimet apo identiteti i tij. Këto të drejta përfshijnë, ndër të tjera, të drejtën për jetë, liri dhe siguri, të drejtën për lirinë e mendimit, të shprehjes dhe të tubimit, si dhe të drejtën për barazi përpara ligjit. Ato janë universale, të patjetërsueshme dhe të pandashme, që do të thotë se çdo individ ka të drejtë t'i gëzojë ato, pa përjashtim dhe pa frikë se të njëjtat mund t'u mohohen apo shfuqizohen. Në thelbin e tyre, të drejtat e njeriut pohojnë dinjitetin dhe vlerën e natyrshme të secilit njeri.

Anëtarëve të komunitetit LGBTQ+, si të gjithë njerëzve tjerë, u takojnë këto të drejta, përfshirë të drejtën për një jetë të hapur dhe autenti-

ke, pa frikë nga dhuna apo persekutimi, dhe të drejtën për të krijuar familje dhe marrëdhënie që pasqyrojnë veten e tyre të vërtetë. Në rajonin tonë por edhe në mbarë botën, komuniteti LGBTQ+ ende përballet me barriera thelbësore për barazi dhe pranim të plotë. Këto barriera shpesh janë të rrënjosura në koncepte të vjetruara dhe paragjykuese të familjes dhe moralit që nuk arrijnë të njohin shumëllojshmërinë dhe pasurinë e përvojës njerëzore.

Njohja e të drejtave LGBTQ+ nuk shkatërron vlerat familjare; përkundrazi, ajo nxit evoluimin e tyre të mëtejshëm në mënyrë që të rikthejë kuptimin e vërtetë të tyre. Vlerat familjare duhet të bazohen në parimet e dashurisë, përkushtimit dhe respektit të ndërsjellë – parime që mishërohen plotësisht nga familjet e të njëjtit seks. Evolucioni i normave shoqërore për të përfshirë familjet më të vogla, familjet dykombëshe si dhe familjet monoprindërore pasqyron një kuptim dhe pranim më të gjerë të mënyrave të ndryshme në të cilat mund të krijohen familjet. Pra, familjet e të njëjtit seks duhet të pranohen në këtë evolucion pasi ato nuk ndryshojnë në aftësinë e tyre për dashuri, mbështetje dhe përkushtim.

Duke diskredituar argumentet kundër të drejtave LGBTQ+ me fakte dhe studime, bëhet e qartë se kritikat ndaj këtij komuniteti shpesh bazohen në rrëfime frikësjellëse dhe dezinformim, dhe jo në realitet. Pranimi i të drejtave LGBTQ+ është një hap vendimtar drejt ndërtimit të një shoqërie më të drejtë dhe gjithëpërfshirëse, ku çdo person respektohet dhe vlerësohet për atë që është. Duke vazhduar të jemi të zëshëm për barazi dhe pranim, ne nderojmë frymën e vërtetë të të drejtave të njeriut—duke siguruar që të gjithë individët, pavarësisht nga orientimi i tyre seksual ose identiteti gjinor, të mund të jetojnë me dinjitet dhe liri.

# СЕМЕЈНИ ВРЕДНОСТИ

ФАТОС ГРУБИ

*Фатос Груби е писател кој се занимава со: активизам, новинарство и застапување за родовата еднаквост и човекови права. Тој пишува за порталот Mollekuqja.mk, каде што се фокусира на зајакнување на гласовите на маргинализираните групи и предизвикување на патријархалните норми во Северна Македонија. Во неговите статии често обработува теми како што се: строгите родови норми, девственоста на жените и традиционалните родови улоги во македонските и албанските општества.*

*Покрај пишувањето, Груби е вработен во Советот за Етика во медиумите во Македонија (КЕММ), вклучен е во проекти за: подобрувањето на медиумската писменост, справување со лажните вести, како и борба против говорот на омраза и зголемување на свеста за етиката во медиумите. Неговиот активизам се протега надвор од професионалните улоги и редовно учествува на: протести, медиумски настапи и други форми на застапување за правата на жените и девојките и ЛГБТ заедницата.)*

Концептот на традиционалните семејни вредности честопати се поврзува со сликата на потесното семејство – заедница којашто се состои од хетеросексуална двојка со биолошки деца – како столб или норма на здраво општество. Овие вредности акцентот го ставаат на: стабилниот брак, дефинираните родови улоги и одгледувањето на децата во рамките на хетеросексуалните партнерства. Во многу краеви од светот, овој семеен модел се цени и се смета за темел на стабилно општество со морален интегритет. Но, семејството секогаш ја немало оваа структура. На потесното семејство му претходело аграрното семејство, коешто се состоело од многу членови, вклучувајќи го и поширокото семејство, додека дефиницијата за брак во Канунот на Лек Дукаѓини вели дека овој спој служи за да се добие уште еден член во куќата, да помогне во работите (куќата и земјиштето) и за да се добијат деца. Оваа структура се изменила со доаѓањето на индустриската револуција, а семејствата станале помали. Типичниот капиталистички пар од средната класа се состоел од мажот, кој обично работел надвор од домот за да обезбеди финансиска поддршка, и жената, одговорна за одржување на многу помал дом и грижа за децата.

Унапредувањето на правата на жените и постепеното омекнување на балканскиот народ е придружено со растот на еднородителските и двонационалните семејства, како природен феномен на општествениот напредок.

Со оглед на оваа постојана еволуција на семејната динамика за прилагодување кон промените и општествената свест, зошто обединувањето на истиот пол се соочува со толку голем револт? Која е опасноста што хомосексуалната двојка ја претставува за општеството и дали станува збор за реална или замислена опасност?

## Демонизацијата на хомосексуалноста

Демонизацијата на хомосексуалноста има длабоки историски корени, кои можат да се најдат во античките текстови и во развојот на подоцнежните општествени структури. Важен момент бил подемот на аврамските религии, имено: јудаизмот, христијанството и исламот. Ранохристијанската црква, под влијание на еврејските традиции и грчко-римскиот морал, почна да ги осудува истополовите односи. Библиските пасуси, како оние во Левит и Римјаните, како и луѓето од Лут во Куранот, биле толкувани како забрани на хомосексуалноста од Бога. Со ширењето на христијанството низ цела Европа, се шират и овие толкувања, создавајќи морална и правна

рамка којашто го стигматизира хомосексуалното однесување. Во средниот век, биле донесени законите за содомија и сексуалните акти помеѓу луѓе од ист пол биле строго казнувани, вклучувајќи ја и смртната казна. Овој период го означил коренот на хомофобијата во рамки на западните правни и културни норми, коишто подоцна, преку колонијализмот, се прошириле на глобално ниво.

Од друга страна, многу претходни цивилизации имале различен став во однос на истополовите односи. Античка Грција, на пример, е позната по своите релативно отворени ставови за хомосексуалноста, особено меѓу мажите. Односите помеѓу возрасните мажи и помладите мажи не само што биле толерирани, туку често биле идеализирани како форма на менторство. Слично на тоа, античкиот Рим, иако посложен во своите сексуални навики, исто така дозволувал хомосексуални односи под специфични социјални услови. Во Европа, бројни домородни култури во: Африка, Америка и Азија препознале и почитувале различни сексуални ориентации и родови идентитети. На пример, концептот на дводуховност или „Two-Spirit“ на домородните Американци ги интегрирал нехетеронормативните идентитети во социјалните улоги и духовните практики, гледајќи ги како носители на уникатни и вредни перспективи.

Транзицијата од прифаќање на хомосексуалноста до нејзина демонизација истакнува значајна трансформација, под влијание првенствено на религиозните и империјалните сили. За разлика од претходните општества кои ги гледале хомосексуалните односи како природен и често составен дел од општествениот живот, подемот на монотеистичките религии создал морален раскол којшто го класифицирал хомосексуалното однесување како грешно и девијантно. Оваа перспектива била дополнително зајакната од политичките структури коишто настојувале да ги контролираат и хомогенизираат општествените норми заради единство и поредок. Сепак, овие историски промени никогаш не биле засновани врз емпириски докази или социјална штета. И покрај недостатокот на докази, нивното влијание било многу реално и ужасно за членовите на ЛГБТК+ заедницата.

## Митови и недоразбирања

Прогонот на ЛГБТК+ заедницата се случува од страна на постојните структури на моќ и оние коишто имаат корист од традиционалните норми и вредности, додека целта е да се задржи контролата и да се продолжи нееднаквата статус кво состојба. Овие

структури може да бидат: политички лидери, верски институции, општествени конзервативци, одредени корпорации, медиуми и поединци коишто бараат лична корист. Со разбирање на тоа како функционираат овие групи и нивната динамика, можеме подобро да се справиме и да ги предизвикаме силите кои ја овековечуваат дискриминацијата и нееднаквоста против ЛГБТК+ заедницата.

Еден начин да се направи ова е да се сфати дека аргументите против хомосексуалноста се дел од заплашувачка реторика, а не заснована врз научни докази. Тие се повторуваат со генерации за да ја замолчат дискусијата и да спречат промени во перцепцијата и прифаќањето на хомосексуалноста, што би ги донело многу потребните реформи.

Некои од аргументите се:

1. *„Хомосексуалноста не е природна“*

   Често се тврди дека хомосексуалноста не е природна. Сепак, опсежните истражувања се контрадикторни на ова тврдење со документирање на хомосексуалното однесување кај бројни животински видови. Кај над 450 животински видови, вклучувајќи: пингвини, делфини и примати, има истополови односи. Ова покажува дека хомосексуалноста е природна појава во животинското царство, а не само појава кај човекот. Книгата на Брус Бејџмил, „Биолошко изобилство: Хомосексуалноста на животните и природната разновидност“ дава сеопфатни докази во прилог на природното постоење на хомосексуалноста кај широк спектар на видови животни.

2. *„Хомосексуалноста е избор.“*

   Тврдењето дека хомосексуалноста е избор е побиено со опсежни психолошки и медицински истражувања. Под сексуална ориентација се подразбира комплексна карактеристика која е под влијание на: генетски, хормонални и фактори поврзани со животната средина, а не прашање на лична одлука. Делото на Симон Левеј, „Геј, стрејт и причината зошто: Науката за сексуалната ориентација“, ги истражува научните основи на сексуалната ориентација, заклучувајќи дека тоа не е доброволен избор, туку аспект длабоко вкоренет во идентитетот на поединецот.

3. *„Хомосексуалноста е штетна за општеството“*

   Тврдењата дека хомосексуалноста е штетна за општеството немаат емпириска основа. Всушност, студиите покажуваат дека општествата кои ги поддржуваат правата и инклузија-

та на ЛГБТК+ заедницата доживуваат позитивни социјални и економски резултати. Книгата на М.В. Ли Баџет, „Пари, митови и промена: економските животи на лезбијките и геј мажите“ зборува за тоа како инклузивните политики се поврзани со: подобро здравје, зголемена економска продуктивност и поголема социјална кохезија, отфрлајќи го митот дека хомосексуалноста е штетна за општеството.

4. *„Хомосексуалноста е спротивна на религиозните верувања“*

   Иако повеќето главни религиозни доктрини се спротивставуваат на хомосексуалноста, многу религиозни групи и вери ги прифаќаат и поддржуваат ЛГБТК+ лицата. Толкувањата на: будизмот, квакерите, реформираните цркви на јудаизмот и бискупската црква имаат позитивен став кон ЛГБТК+ лицата. Понатаму, секуларните општества инсистираат на одвојување на верските верувања од граѓанските права, осигурувајќи дека личните слободи се заштитени без оглед на верските ставови. Мрежата на верски архиви на ЛГБТК (LGBTQ Religious Archives Network) ја документира разновидноста на религиозните пристапи кон хомосексуалноста, нагласувајќи ги инклузивните ставови во рамки на различните традиции.

5. *„Децата одгледани од геј двојки имаат потежок живот“*

   Истражувањата постојано покажуваат дека децата одгледани од истополови родители се на исто ниво на развој како и децата одгледани од родители од спротивен пол. Истражувањата покажуваат дека не постојат значајни разлики во: психолошката благосостојба, академските постигнувања или социјалните вештини помеѓу овие две групи. Делото на Шарлот Џ. Патерсон, „Деца на родители лезбијки и геј: Психологија, право и политика“ испитува бројни студии кои потврдуваат дека сексуалната ориентација на родителите не влијае негативно врз развојот на децата, отфрлајќи го тврдењето дека истополовите родители се штетни за децата.

## Човекови права и слобода на мислата

Човековите права се основни права и слободи коишто им припаѓаат на сите, без оглед на: нивното потекло, верувања или идентитет. Овие права го вклучуваат, меѓу другото: правото на живот, слобода и безбедност, правото на слобода на мислење, изразување и собир и правото на еднаквост пред законот. Тие се: универзални,

неотуѓиви и неразделни, што значи дека секој поединец има право да ги ужива, без исклучок и без страв дека ќе бидат негирани или укинати. Во својата суштина, човековите права го афирмираат вроденото достоинство и вредност на секое човечко суштество.

Членовите на ЛГБТК+ заедницата, како и сите луѓе, треба да ги уживаат овие права, вклучувајќи го и правото на отворен и автентичен живот, ослободен од страв од насилство или прогон, како и правото да создаваат семејства и односи што го одразуваат нивното вистинско јас. Во нашиот регион, но и низ целиот свет, ЛГБТК+ заедницата сѐ уште се соочува со суштински бариери за еднаквост и целосно прифаќање. Овие бариери често се вкоренети во застарени концепти и предрасуди за семејството и моралот коишто не успеваат да ја препознаат разновидноста и богатството на човековото искуство.

Признавањето на правата на ЛГБТК+ не ги уништува семејните вредности, туку ја поттикнува нивната натамошна еволуција со цел да се врати нивното вистинско значење. Семејните вредности треба да се засноваат врз принципите на: љубов, посветеност и заемно почитување – принципи коишто се целосно отелотворени од истополовите семејства. Еволуцијата на општествените норми за вклучување на: помали семејства, двонационални семејства, како и еднородителски семејства, одразува пошироко разбирање и прифаќање на различните начини на кои може да се формираат семејства. Значи, истополовите семејства треба да се прифатат во оваа еволуција бидејќи тие не се разликуваат во нивниот капацитет за: љубов, поддршка и посветеност.

Со дискредитирање на аргументите против правата на ЛГБТК+ со факти и студии, станува јасно дека критиката на оваа заедница често се заснова врз застрашувачки наративи и дезинформации, а не на реалност. Признавањето на правата на ЛГБТК+ е клучен чекор кон градење поправедно и инклузивно општество во кое секој човек ќе се почитува и вреднува за тоа кој е. Продолжувајќи да бидеме гласни за еднаквост и прифаќање, го почитуваме вистинскиот дух на човековите права – осигурувајќи дека сите луѓе, без оглед на нивната сексуална ориентација или родов идентитет, можат да живеат достоинствено и слободно.

(превод од албански на македонски)

# ПРОГРЕС – ИНКЛУЗИВНО ОПШТЕСТВО – ИЗДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА – ЗАКОНСКИ ИЗМЕНИ

МАРИЈА КРСТЕВА

*Марија Крстева, Адвокат и магистер по право од областа на Меѓународно право и односи и право на Европска унија (LL.M.), во моментот работи во адвокатска канцеларија.*

*Активистка за еднаков пристап до правда и правичност за сите граѓани.*



Пред да започнам со пишување на овој текст/колумна, нужно беше интроспективно да ја разберам потребата од пишување на истиот од моја страна. Имено, живееме во општество коешто е конзервативно, а можеби (за жал) и ултраконзервативно. Си помислувам и се запрашувам, во што ја гледам потребата својот став да го изразам јавно?! Но, таквата помисла ја снемува веднаш, односно во моментот кога се потсетувам на реалноста дека нечии права се скратени и одземени, не заради фактот што се оневозможува користењето на истите или се злоупотребуваат правата на другите, туку заради фактот што на секој еден од нас му е поважно туѓото мислење, наместо среќата и благосостојбата на другиот. Токму од таа причина ја гледам потребата да бидеме гласни и да укажеме на нужноста од разбирање и толеранција на различностите.

Постојат многу мислења, ставови „за“ и „против“ на оваа тема, бура од дебати, кои во себе вклучуваат и испреплетуваат: емоции, аспекти на религија, морал, но и право.

### Се запрашувам себеси, а прашањето го упатувам и до Вас читателите: Дали ние луѓето сме склони кон негирање и одбивање на работите коишто се непознати за нас?

Мојот одговор ќе го образложам овде, а од секој од Вас барам да си го одговорите индивидуално. Зошто? Од причина што сметам дека самиот поим на хомофобија и трансфобија потекнува од страв од непознатото, страв да се соочиме со нешто што не го чувствуваме и одбиваме да го разбереме, но тоа не значи и потреба за стекнување на автоматска склоност за негирање на постоењето и одрекување на „непознатото“.

Следствено на тоа, погоренаведеното го повлекува и мојот став дека е неразбирливо на еден поединец да не му се дозволува користење на неговите права, заради одредена негова карактеристика, што само по себе повлекува дискриминација, единствено и само заради фактот што другиот таквата карактеристика не ја поседува.

Покрај фактот што на припадниците на ЛГБТИ заедницата (лезбијки, геј, бисексуални лица, трансродови лица) им се врши секојдневна дискриминација врз основа на нивната припадност кон оваа маргинализирана група, којашто благодарение на политичката волја и досегашни заложби, со измените во Законот за заштита од дискриминација како основи беа прецизирани во основи на „сексуална ориентација“ и „родов идентитет“, истите се соочуваат и со постојано

отфрлање од страна на заедницата, од страна на семејството, како и со насилство и физички и вербални напади. Сето ова придонесува нивниот квалитет на живот драстично да се намалува и истите да се соочуваат со проблеми коишто се непотребни, а коишто може, и треба да бидат избегнати, со цел да живеат пристоен и мирен живот.

Правата на ЛГБТИ во себе ги вклучуваат, но не се ограничуваат на право на физички интегритет, социјалните права, како што се: правото на промена на полот, правото да стапат во брак, правото заеднички да посвојуваат деца со лица од ист пол, економски права, како што се правото да не бидат дискриминирани на работа, како и политички права.

Како највпечатлив проблем, којшто бара реакција и измени од страна на законодавниот дом е Законот за семејство, во кој е предвидено дека бракот претставува: *„заедница помеѓу маж и жена“*. Гледајќи објективно на ваквиот член, можеме да се утврди дека браковите помеѓу припадници на ист пол се забранети, а со тоа и определени права кои може да ги користат сопружниците им се одземени на припадниците на ЛГБТИ заедницата. Живеејќи во 21 век, сведоци сме на пораст на семејно насилство во рамки на хетеросексуални бракови и семејните односи кои произлегуваат од таквите бракови.

**Дали воопшто фактот што бракот е дефиниран како заедница помеѓу еден маж и една жена значи наша заштита (како општество) и заштита на потомците на таа заедница (децата кои се производ на заедницата помеѓу мажот и жената) и фактот што не се дозволени геј-бракови ни претставува гаранција за живеење во хармонично семејство и морално општество?!**

Имено, со регулирање и стремење кон искоренување на дискриминацијата во граѓанскиот брак, ќе бидат избегнати резултати коишто за определена маргинализирана група се разорувачки. Имено, неможноста за стапување во брак повлекува со себе низа последици и права коишто припадниците на ЛГБТИ заедницата не можат да ги користат, како што се: донесување на медицински одлуки во име на партнерот во случај кога тој/таа е болен/болна; посета на партнерот или детето на партнерот во болница; искористување на правата од работен однос коишто се однесуваат на платено отсуство заради жалење, боледување заради грижа на партнерот или детето на партнерот; користење на бенефициите од здравствено осигурување од партнерот; поповолни услови за стекнување со др-

жавјанство кога партнерот потекнува од друга држава; стекнување на правото на заедничка сопственост (во брак или вонбрачна заедница); заштита при семејно насилство, односно заедничко живеење и заедница со партнерот; делба на имот стекнат во текот на заедничкото живеење (делба на имот стекнат во брак) при завршување на врската или односот помеѓу партнерите; права на наследување, односно право да се биде дел од законските наследни редови пропишани во Законот за наследување, а во случај на непостоење на тестамент на оставителот; право на семејна пензија од претходно починатиот партнер; посвојување од посинок од истополови парови; заедничко посвојување од истополови парови.

Дополнително, во однос на правата на трансродовите лица, сведоци сме на измени во Законот за матична евиденција, со што дополнително: се уреди материјата за дефиницијата за пол, род и родов идентитет, се уреди постапката за правно признавање на родот, што означува процес во кој поединецот може да ја промени ознаката за пол во матичната евиденција, како што и беа вметнати прекршочни одредби. Имено, ваквите измени беа последица на спроведување на меѓународна обврска и извршување на Пресудата од страна на Европскиот суд за човекови права во Стразбур и тоа X против Република Северна Македонија (Application no. 29683/16) од 17.1.2019 година, со која Судот констатира дека РСМ сторила повреда на членот 8 од Конвенцијата заради недостиг на регулаторна рамка којашто обезбедува право на почитување на приватниот живот на жалителот. Од друга страна, Законот за лично име им овозможува на трансродовите луѓе да го сменат своето лично име, под исти услови како и сите други граѓани.

И покрај досегашните законски измени и евидентното издигнување на нивото на свест за потребата од афирмирање и унапредување на правата на припадниците на ЛГБТИ заедницата, напорите за подобрување на нивниот живот стивнуваат и како важни прашања за дискусија се оддалечуваат од политичкиот и општествениот дискурс. Сето ова укажува на status quo на состојбата и квалитетот на живот што го живеат припадниците на ЛГБТИ заедницата во нашата држава. Затоа е потребна едукација и континуирано издигнување на свеста на граѓаните за потребата од признавање на правата, кои се дел од приватната сфера на припадниците на ЛГБТИ заедницата.

Секој од нас има право да одлучи дали ќе прифати туѓ начин на живот, но со ограничувањето на правата на припадниците на ЛГБТИ заедницата вршиме злоупотреба на нашите права.

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ЛГБТИ+ ЛИЦАТА

БЕБА ЖАГАР

*Беба Жагар е правничка, истражувачка и судски преведувач. Работи во Институтот за европска политика, во програмата за демократија и владеење на правото.*

*Во 2018 година, Беба дипломираше на правните студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а две години подоцна магистрираше на насоката меѓународно право и односи и право на ЕУ на истиот факултет. Истовремено, во јули 2020 година, Беба магистрираше на напредната програма за меѓународно и европско право при Универзитетот во Гент (Белгија), а подоцна го положи правосудниот испит во Северна Македонија.*



Слободата на изразување претставува можност да го искажеме личното мислење без страв од последици. Таа слобода ја користиме лекомислено, без многу размислување за ефектот на зборовите што би можеле да го имаат врз личностите на кои тие им се наменети. Дополнително, ваквото однесување особено е присутно на социјалните мрежи каде се криеме зад профилите и нема соочување со другите лице в лице кога им се кажува што се мисли за нив. Но, таа слобода има своја граница кога ќе премине во говор на омраза. Според Советот на Европа, говорот на омраза ги опфаќа: *„сите форми на изразување, што шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза засновани врз нетрпеливост, вклучувајќи и нетрпеливост изразена преку агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство кон малцинствата, емигрантите и лицата со емигрантско потекло“.*[1] Иако со оваа дефиниција се поставени темелите за идентификување на изразувањето коешто содржи говор на омраза, истата не ги опфаќа сите категории жртви кои трпат таков напад. Меѓу нив се и: лезбиските, геј, бисексуалните, транс и интерсексуалните лица (ЛГБТИ+), кои се мета на зачестени инциденти на говор на омраза, особено на социјалните мрежи, на ниво на Европската Унија (ЕУ), но и во Република Северна Македонија.

## Употребата на социјалните мрежи и говорот на омраза во ЕУ

Со забрзаниот развој на информатичката технологија во изминатите три децении, се модифицираше начинот на комуникација меѓу луѓето. Лесната достапност на електронските уреди и брзиот интернет придонесоа за транзицијата од разговор во живо, кон виртуелен разговор на социјалните мрежи. Можноста за комуникација: со било кого, било каде, во секое време, го направи светот глобално село, ја отвори можноста за проширување на видиците и полесно информирање, но истовремено создаде платформи за ширење на штетна реторика и говор на омраза врз различни основи. Во 21 век, социјалните мрежи се распространети насекаде низ светот и ги користат, речиси, сите генерации. Заради тоа, тие создадоа одредена потреба, што се манифестира дури и како зависност кај одредени лица, за редовно споделување на моменти од нивниот живот на тие мрежи. Според Ев-

[1] „Препорака бр. Р (97) 20 на Комитетот на министри до земјите-членки за „говорот на омраза“ (Совет на Европа, 30 октомври 1997 година), https://search.coe.int/cm#{%22CoEObjectId%22:[%220900001680767c01%22],%22sort%22:[%22CoEValidationDate%20Descending%22]}.

ростат, и на ниво на ЕУ, социјалните мрежи имаат сè поголемо влијание врз секојдневието на нејзините граѓани. Од нив, 59 % имаат присуство на социјалните мрежи преку создавање кориснички профил, испраќање пораки или споделување објави на: Фејсбук, X, Инстаграм, Снепчет, ТикТок, итн.).[2] Од земјите-членки, граѓаните на Данска учествуваат со највисок процент на користење на социјалните мрежи (91 %), потоа следува Кипар (83 %) и Унгарија (81 %). Од друга страна, земјите-членки чии граѓани најмалку употребуваат социјални мрежи сепак немаат низок процент: 53 % од граѓаните во Италија се присутни на социјалните мрежи, 49 % во Германија и 44 % во Франција.[3]

Овие бројки го покажуваат потенцијалниот ефект што го имаат социјалните мрежи врз нашиот живот и времето што го поминуваме користејќи ги истите. Истовремено, нивната зачестена употреба ја отвора можноста да ги изразиме своите ставови на различни платформи, но остава простор и за ширење говор на омраза. Според истражувањата спроведени од институциите на ЕУ, феноменот на говор на омраза засилено се проширува во земјите-членки, чии граѓани се чувствуваат слободни да ја користат нивната слобода на изразување, често надминувајќи ги нејзините граници и преминувајќи во: дискриминирачки, навредлив или заканувачки говор. Од анкетираните граѓани во рамките на овие истражувања, дури 63 % од жените пријавиле некаков облик на онлајн вознемирување на социјалните мрежи, додека 38 % од лицата со попреченост искусиле говор на омраза.[4] Говорот на омраза кон ЛГБТИ+ лицата во ЕУ потешко се мери бидејќи поголемиот дел од земјите-членки не прибираат податоци за ова прашање. Сепак, најновото истражување на Агенцијата за темелни права на ЕУ покажа дека 15 % од испитаниците постојано среќавале навредливи изјави за ЛГБТИК заедницата онлајн или изјави коишто повикуваат на насилство против неа, 48 % рекле дека често го гледаат овој тип на изјави, а само 9 % одговориле дека никогаш не сретнале такви изјави онлајн.[5] Кон неможноста прецизно да се измери овој

---

[2] „59 % од поединците во ЕУ користеле социјални мрежи во 2023 година", *Евростат*, 19 март 2024 година, https://ec.europa.eu/eurostat/web/products-eurostat-news/w/ddn-20240319-1.

[3] Исто.

[4] „Борба против говорот на омраза и злосторствата од омраза во ЕУ" (Европски парламент, јуни 2022 година), https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/ATAG/2022/733520/EPRS_ATA(2022)733520_EN.pdf.

[5] „ЛГБТИК еднаквоста на крстопат – напредок и предизвици" (Агенција за темелни права на Европската Унија, 2024 година), https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/fra-2024-lgbtiq-equality_en.pdf.

феномен придонесува и фактот што голем број од ваквите инциденти остануваат непријавени, често заради недовербата на граѓаните дека соодветно ќе бидат заштитени од јавните институции на државите во живеат. Токму неадекватниот пристап кон говорот на омраза и неговото недоволно санкционирање доведуваат кон трансформирање на истиот во злосторство од омраза.

## Регулирање на говорот на омраза во ЕУ

Вредностите на ЕУ се поставени врз темелите на почитување на човековото достоинство, што подразбира елиминирање на сите облици на дискриминација врз различни основи, како и остварување на слободата на изразување без инциденти на говор на омраза. Повелбата на основните права на ЕУ, донесена во 2000 година[6], е сеопфатен документ којшто ги опфаќа темелните вредности на ЕУ, вклучително и слободата на изразување. На почетокот, Повелбата претставуваше декларација на добра волја, но со стапувањето на сила на Лисабонскиот договор на 1 декември 2009 година,[7] таа доби правно обврзувачка сила. Во членот 11, став 1 од Повелбата се истакнува дека секој има право на слобода на изразување, што ја вклучува и слободата на мислење, примање и испраќање на информации и идеи без мешање од јавен авторитет и независно од граници. Иако оваа одредба е многу општа и со неа не се дефинира говорот на омраза, таа претставува основа за дефинирање на слободата на изразување и за последователни иницијативи на ЕУ за борба против говорот на омраза.

Таква иницијатива е изразена во Рамковната одлука за борба против одредени форми и изрази на расизам и ксенофобија од 28 ноември 2008 година.[8] Оваа Одлука го дефинира говорот на омраза како: *„форма на однесување коешто јавно поттикнува насилство или омраза насочени против група на лица или член на таква група дефинирани според: расата, бојата, потеклото, религијата или*

[6] „Повелба на основните права на Европската Унија (2000/C 364/01)“ (Европска Унија, 7 декември 2000 година), https://bit.ly/4c46qXJ.

[7] „Договор од Лисабон (Консолидирани верзии на Договорот за Европската Унија; Договорот за функционирање на Европската Унија; Повелбата на основните права на Европската Унија; Протоколи, Декларации)“ (Европска Унија, 13 декември 2007 година), https://www.sep.gov.mk/data/file/Publikacii/Dogovor%20od%20Lisabon(1).pdf.

[8] „Рамковна одлука на Советот 2008/913/JHA од 28 ноември 2008 година за борба против одредени форми и изрази на расизам и ксенофобија преку кривичното право“ (Совет на Европската Унија, 6 декември 2008 година), https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=LEGISSUM:l33178.

*националното или етничкото потекло“.*[9] Иако оваа дефиниција претставува добар обид за поставување на рамка за идентификување на инциденти на говор на омраза, сепак листата на карактеристики не е доволно екстензивна па не вклучува пол, родов идентитет и други карактеристики, што претставува нејзин недостаток. Целта на оваа Одлука е да воспостави заеднички кривично-правен пристап во сите земји-членки на ЕУ,[10] така што ќе се усогласи постојната регулатива на секоја од нив со Одлуката. Сепак, согласно член 83 од Договорот за функционирање на ЕУ,[11] таа нема надлежност да усвои универзален кривичен законик, и следствено, говорот на омраза не претставува кривично дело на ниво на ЕУ, туку секоја од земјите-членки во рамките на своите кривични закони ја дефинира оваа појава врз основа на карактеристиките опфатени со оваа Одлука на ЕУ, при што националните закони се разликуваат во однос на другите опфатени карактеристики. Тоа остава можност за дискреционо уредување на овој проблем и различно санкционирање или недостаток на санкции воопшто во земјите-членки.

Уште една поконкретна иницијатива на ЕУ за борба против ширењето на говор на омраза онлајн е Кодексот на однесување за борба против нелегалниот говор на омраза на интернет.[12] Европската комисија (ЕК) го подготви овој кодекс во 2016 година со: Фејсбук, Мајкрософт, Твитер и Јутјуб, додека во следните години кон него се придружија и: Инстаграм, Снепчет, ТикТок и други онлајн платформи. Со Кодексот, ЕК ги поттикнува овие платформи да ја поддржат во борбата против говорот на омраза и да го намалат и отежнат ширењето на истиот онлајн. Спроведувањето на Кодексот во пракса редовно се оценува од страна на мрежа на организации од различни земји-членки на ЕУ кои анализираат како овие компании ги спроведуваат обврските од истиот.

Потоа, во 2021 година, ЕК усвои Комуникација со која бара од Советот на ЕУ да донесе одлука за проширување на листата на

[9] Исто.

[10] Елена Михајлова, Јасна Бачовска и Томе Шекерџиев: „Слобода на изразување и говор на омраза“ (ОБСЕ, декември 2013 година), https://www.osce.org/files/f/documents/e/8/116610.pdf.

[11] Член 83, Договор за функционирање на Европската Унија, https://www.sep.gov.mk/data/file/Publikacii/Dogovor%20od%20Lisabon(1).pdf.

[12] „Кодекс на однесување за борба против нелегалниот говор на омраза на интернет“ (Европска комисија, мај 2016 година), https://commission.europa.eu/document/download/551c44da-baae-4692-9e7d-52d20c04e0e2_en.

„злосторства на ЕУ“[13], наведени во член 83, став 1 од Договорот за функционирање на ЕУ, со додавање на говорот на омраза и злосторствата од омраза на таа листа.[14] Со оваа Комуникација, ЕК аргументира дека овие дела се особено тешки заради штетата што ја предизвикуваат на: поединечни жртви, заедници и општеството како целина, па заради тоа, тие ги исполнуваат критериумите за вклучување во листата. Сепак, тоа нема да биде лесен, ниту брз процес: потребна е согласност од Европскиот парламент (ЕП) и едногласно усвојување на Одлуката од страна на Советот. Доколку оваа Одлука се усвои, подоцна ЕК би можела да предложи правен акт[15] со кој ќе ѝ се овозможи на ЕУ да инкриминира други видови на говор на омраза и злосторства од омраза, покрај оние поттикнати од расистички и ксенофобичен мотив. Од наведените иницијативи на ЕК, може да се заклучи дека постои волја за инкриминирање на говорот на омраза врз други основи, но недостасуваат ефективни чекори за реализација на тие иницијативи во пракса и следствено, превенција на инцидентите на говор на омраза и поголема заштита на жртвите.

Покрај ЕК, и ЕП го адресираше проблемот со ширење на говорот на омраза во ЕУ во повеќе резолуции. Со Резолуцијата од март 2021 година,[16] ЕП поконкретно се осврна на проблемот на говорот на омраза против ЛГБТИК лицата, така што го осуди создавањето на

[13] Оваа листа ги вклучува следните кривични дела: тероризам, трговија со луѓе и сексуална експлоатација на жени и деца, недозволена трговија на наркотични средства, недозволена трговија со оружје, перење пари, корупција, фалсификување на платежни средства, компјутерски криминал и организиран криминал.

[14] „Комуникација од Комисијата до Европскиот парламент и Советот - Поинклузивна и заштитничка Европа: Проширување на листата на злосторства на ЕУ со говор на омраза и злосторства од омраза“ (Европска комисија, 9 декември 2021 година), https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A52021DC0777.

[15] „Борба против говор на омраза и злосторства од омраза: Мерки за спречување и борба против различни форми на омраза и за заштита на жртвите“ (Европска комисија), https://commission.europa.eu/strategy-and-policy/policies/justice-and-fundamental-rights/combatting-discrimination/racism-and-xenophobia/combating-hate-speech-and-hate-crime_en.

[16] „Резолуција на Европскиот парламент од 11 март 2021 година за прогласување на ЕУ за зона на слобода на ЛГБТИК (2021/2557/RSP/)“ (Европски парламент, 24 ноември 2021 година), https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A52021IP0089.

„зони без ЛГБТИ“[17] што придонесоа кон зголемена дискриминација и напади врз ЛГБТИК заедницата, вклучително и зачестен говор на омраза. Дополнително, во декември истата година, ЕП донесе Резолуција[18] во која истакна дека иако говорот на омраза е особено присутен во онлајн сферата, во одредени земји-членки недостасува специфична законска рамка што ќе ја регулира таа појава, па поттикнува зајакнување на борбата против нападите на социјалните мрежи насочени кон жените и девојчињата, како и кон ЛГБТИК лицата. Особено значаен чекор е одговорот на ЕП на иницијативата на ЕК за вклучување на говорот на омраза и злосторствата од омраза на листата на „злосторства на ЕУ“ наведени во член 83, став 1 од Договорот за функционирање на ЕУ. Тој одговор е содржан во легислативната Резолуција[19] на ЕП со која се поздравува оваа иницијатива и се поттикнува ЕК да поднесе предлог за додавање на таа листа на родово-базираното насилство. Покрај тоа, на ЕК ѝ се препорачува да ги вклучи: сексуалната ориентација, родовиот идентитет и полот како основи на дискриминација конкретно опфатени со оваа одредба од Договорот за функционирање на ЕУ. Очигледно е дека говорот на омраза во онлајн сферата, а поконкретно на социјалните мрежи, ги исполнува критериумите на горенаведената одредба бидејќи претставува особено сериозно дело со прекугранична димензија и неопходно е да биде препознаен како таков, за да се мотивираат земјите-членки да преземат посериозни чекори во борбата против истиот. Доколку тоа се оствари, и земјите-кандидатки за членство во ЕУ, меѓу кои и Република Северна Македонија, ќе го следат примерот на земјите-членки и ќе ја зголемат заштитата на жртвите на говор на омраза, со цел усогласување со стандардите на ЕУ во оваа област.

[17] Ема Повис Морис: „Третина од Полска сега е прогласена за 'зона без ЛГБТ', со што се официјализира нетолеранцијата“, Пинк Њуз, 25 февруари 2020 година, https://www.thepinknews.com/2020/02/25/third-of-poland-lgbt-free-zone-atlas-of-hate-homophobia/.

[18] „Резолуција на Европскиот парламент од 14 декември 2021 година со препораки до Комисијата за борба против родово-базираното насилство: сајбер насилство (2020/2035/INL/)“ (Европски парламент, 30 јуни 2022 година), https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A52021IP0489.

[19] „Резолуција на Европскиот парламент од 16 септември 2021 година со препораки до Комисијата за идентификување на родово-базираното насилство како нова област на злосторства наведена во член 83, став 1 од Договорот за функционирање на Европската Унија (2021/2035/INL/)“ (Европски парламент, 11 март 2022 година), https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A52021IP0388.

## Употребата на социјалните мрежи и говорот на омраза во Република Северна Македонија

Како целиот свет и граѓаните на ЕУ, така и граѓаните на Република Северна Македонија не останаа „имуни" на развојот на информатичката технологија и редовната поврзаност на интернет. Широката распространетост на дигиталните уреди во домаќинствата, како и лесниот и релативно евтин пристап до интернет, придонесоа кон секојдневно онлајн присуство на граѓаните. Според најновото објавено истражување на Индаго и УНДП[20], 89 % од испитаниците имаат пристап до интернет, 88 % од нив имаат смартфони, 46 % од домаќинствата поседуваат лаптопи, а 35 % од нив поседуваат десктоп компјутери. Најчестата причина за употреба на интернет наведена од страна на испитаниците е комуницирањето со повеќе луѓе, за која се изјасниле 79 %, а 73 % избрале комуникација „еден на еден" преку користење на социјални мрежи и апликации за комуницирање.[21] Иако ова истражување се однесува на сите возрасни групи над 18 години, идентични се податоците добиени од истражувања фокусирани конкретно на младите во Република Северна Македонија. Податоците од истражувањето на Меѓународната федерација за изборни системи (ИФЕС) потврдија дека: 92,3 % од младите (на возраст од 14 до 24 години) најчесто го употребуваат интернетот за користење на социјалните мрежи, 89,2 % од нив за комуницирање и 74,2 % за слушање музика.[22] Секојдневната употреба на социјалните мрежи наведена од страна на испитаниците на ова истражување е со намера: за телефонирање и видеоповици преку веб-камера или употреба на апликации, за испраќање на пораки и други содржини, што ја покажува нивната потенцијална изложеност на говор на омраза доколку истакнат некој свој став, припадност на одредена група или определба онлајн.

Оваа загрижувачка статистика за македонските граѓани, а особено младите, поттикнува размислување за зависноста од употребата на социјалните мрежи и потенцијалните ефекти од неа, но истовремено ја покажува секојдневната изложеност на штетни на-

[20] „Извештај од истражувањето за користење на дигитални алатки од страна на граѓаните и креирање на проценка на дигитален јаз" (Индаго, УНДП, 2024 година), https://www.undp.org/sites/g/files/zskgke326/files/2024-02/2023_DigitalGapAssesment_v.2.0_MK_Final.pdf.

[21] Исто.

[22] „Младите и дигиталната приватност во Северна Македонија" (Меѓународна федерација за изборни системи (ИФЕС), 2023 година), https://meta.mk/wp-content/uploads/2023/06/01-ifes_digital-privacy_eng_report-1-1.pdf.

ративи и говор на омраза онлајн. Само еден клик го дели корисникот на социјалните мрежи до споделување на навредливи содржини и коментирање со намера за: поттикнување омраза, дискриминација и насилство. Истовремено, само еден клик е доволен за засегнатите лица да прочитаат што мислат останатите за нив. **Онлајн платформата www.govornaomraza.mk ги евидентира пријавените инциденти на говор на омраза, кои потоа се анализираат од страна на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија. Податоците од оваа платформа покажуваат дека во изминатите 11 години, од 2012 до 2023 година, регистрирани се вкупно 2.074 случаи на говор на омраза онлајн, од кои има 130 пријавени случаи на родово-базиран говор на омраза и 793 случаи на говор на омраза заради сексуална ориентација и родов идентитет.[23] Анализата на овие бројки покажува дека најчести жртви на говор на омраза онлајн се жените и припадниците на ЛГБТИ+ заедницата, а распространетоста на овие инциденти варира во зависност од актуелните случувања во државата, па така во месецот на гордоста и во пресрет на организирањето на „Парадата на гордоста", се зголемува говорот на омраза онлајн против ЛГБТИ+ заедницата. Само 14 % од припадниците на оваа заедница пријавиле во државна институција дека биле жртви на физичко или вербално насилство,[24] што се должи на недостатокот на соодветна правна рамка и недоволно ефикасно постапување на институциите за нивна заштита.**

## Правна рамка за говорот на омраза во Република Северна Македонија

Како земја-кандидатка за членство во ЕУ, Република Северна Македонија континуирано работи на усогласување на законодавството со она на ЕУ. Оваа тенденција ја вклучува и рамката за заштита на човековите права, меѓу кои и слободата на изразување. Една од темелните вредности на уставниот поредок на државата се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во

[23] „Говорот на омраза на интернет, особено кон жените, не се санкционира во земјава", 10 ноември 2023 година, https://metamorphosis.org.mk/blog/govorot-na-omraza-na-internet-osobeno-kon-zenite-ne-se-sankcionira-vo-zemjava-novinska-agencija-meta-mk/.

[24] „Зголемено насилство и говор на омраза врз ЛГБТИ луѓето", Радио Слободна Европа, 14 мај 2024 година, https://www.slobodnaevropa.mk/a/lgbti-nasilstvo-omraza/32946957.html.

меѓународното право и утврдени со Уставот.[25] Конкретно, слободата на изразувањето се уредува во член 16 од Уставот на Република Северна Македонија, со кој се гарантира: слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, како и слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање.[26]

Во Република Северна Македонија не постои конкретен закон којшто го уредува говорот на омраза на сеопфатен начин, ниту, пак, поконкретно кога тој се шири онлајн. Сепак, Кривичниот законик содржи дефиниција на дело од омраза, што се смета за: *„кривично дело против физичко или правно лице и со нив поврзани лица или имот што е сторено во целост или делумно поради реална или претпоставена (замислена, вообразена) карактеристика или поврзаност на лицето што се однесува на: раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, ментална или телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверување“*[27]. Ова вклучување во поимникот на Законикот отвора можност во иднина во него да се дефинира и говорот на омраза, а позитивно е што оваа дефиниција опфаќа повеќе заштитени карактеристики во споредба со Рамковната одлука на ЕУ.

Индиректно, говорот на омраза е опфатен со одредбата од Кривичниот законик којашто се однесува на ширење на расна дискриминација и дискриминација врз други основи,[28] одредбата за предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз: национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа,[29] а особено со одредбата за ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем, според која: *„тој што преку компјутерски систем во јавноста шири расистички и ксенофобичен пишан материјал, слика или друга репрезентација на идеја или теорија која помага, промовира или поттикнува омраза, дискриминација или*

[25] Член 8, став 1, алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.: 1/92, 31/98, 91/01, 84/03, 107/05, 3/09, 49/11 и 6/19).

[26] Член 16, став 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија.

[27] Член 122, став 42 од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“, бр.: 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 36/23 и 188/23).

[28] Член 417 од Кривичниот законик.

[29] Член 319 од Кривичниот законик.

*насилство, против кое било лице или група, врз основа на: пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или врз било која друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор, ќе се казни со затвор од една до пет години"*[30]. Токму оваа одредба претставува основата според која македонските судови ги донесуваат пресудите во случаите на говор на омраза во онлајн сферата.

### Прва судска пресуда во Република Северна Македонија за говор на омраза кон ЛГБТИ+ лицата на социјалните мрежи

Горенаведените статистики покажаа дека во Република Северна Македонија говорот на омраза засилено се шири на социјалните мрежи. Оваа појава ги опфати и ЛГБТИ+ лицата, чии права не се доволно заштитени. Голем дел од случаите на говор на омраза против оваа заедница поминуваат неказнето заради тоа што останале непријавени или заради инертноста на македонските правосудни органи за: гонење, процесуирање и санкционирање на овие дела[31].

Сепак, позитивен развој во оваа област претставува пресудата на Основниот суд Неготино за дело со кое се шири говор на омраза кон ЛГБТИ+ заедницата.[32] Со неа се санкционираат два коментара со вознемирувачки говор на омраза кон ЛГБТИ+ заедницата, во кои се повикува на насилство кон оваа маргинализирана група, напишани на социјалната мрежа Фејсбук. Сторителот кој ги објавил овие коментари е осуден на условна казна затвор од една година според член 394-г, став 1 од Кривичниот законик за сторено кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на

[30] Член 394-г од Кривичниот законик.

[31] Сашо Орданоски: „Слободата на изразување наспроти говорот на омраза во медиумите во Македонија" (Институт за комуникациски студии, 2018 година), https://iks.edu.mk/attach/Govor-na-omraza-vo-mediumite-vo-Makedonija-rezime.pdf.

[32] „Изречена казна затвор од една година во првата осудителна пресуда во Македонија за говор на омраза врз основа на сексуална ориентација", *Квир Центар*, 27 март 2024 година, https://skc.mk/2024/03/27/izrechena-kazna-zatvor-od-edna-godina-vo-prvata-osuditelna-presuda-vo-makedonija-za-govor-na-omraza-vrz-osnova-na-seksualna-orientacija/.

компјутерски систем“[33]. Воедно, ова претставува прва осудителна пресуда во судската пракса на Република Северна Македонија со која се санкционира говор на омраза врз основа на сексуална ориентација.

Додека пресудата дефинитивно е позитивен пример во македонското судство, што покажува свесност на судиите за потребата од заштита на правата на ЛГБТИ+ лицата како човекови права, сепак може да се забележи дека санкцијата за говорот на омраза останува на ниво на условна осуда што нема да се изврши доколку сторителот не го повтори делото во одреден рок. Неопходно е правосудните органи ефикасно и професионално да работат кога се соочени со ваков тип на случаи, судовите да изрекуваат ефективни санкции и да ја продолжат оваа пракса на санкционирање на штетни коментари на социјалните мрежи кои поттикнуваат омраза. Истовремено, значајно е да се работи на превенција на вакви инциденти, а особено во периодот во пресрет на „Парадата на гордоста“, којашто се смета за најзабележителен поттикнувач на ваквиот тип дискурси и наративи.[34]

## Заклучок

**Фактичката состојба на глобално ниво, но и на ниво на ЕУ и во Република Северна Македонија, покажува дека инцидентите на говор на омраза стануваат се позачестена појава. Овој тренд особено е засилен со редовната и распространетата употреба на социјалните мрежи. Во ЕУ недостасуваат повеќе ефикасни иницијативи во борбата против ширење на говорот на омраза коишто ќе ги поттикнат земјите-членки да ја засилат својата улога во таа борба. Покрај тоа, во Република Северна Македонија недостасува законска мерка која ќе го дефинира и санкционира говорот на омраза, со што ќе се олесни работата на судовите** во случаите коишто го вклучуваат ова дело. Сепак, горенаведената пресуда на Основниот суд Неготино претставува позитивен исчекор напред во оваа борба и создава надеж за идентична судска пракса во иднина.

[33] „Прва пресуда во Македонија за говор на омраза кон ЛГБТИ+ лицата на социјалните мрежи“, *Радио МОФ*, 29 март 2024 година, https://www.radiomof.mk/prva-presuda-vo-makedonija-za-govor-na-omraza-kon-lgbti-licata-na-socijalnite-mrezhi/.

[34] Сеад Џигал и Весна Никодиновска: „Говорот на омраза во земјите од Западен Балкан – случајот со Македонија“ (Институт за комуникациски студии и Институт за различност во медиумите, 2022 година), https://bit.ly/4cbSQSp.

# ИНДОГ ИЛУСТРАЦИИ

ГОРАН КОСТОВСКИ- ИНДОГ

*Индог е илустратор, радио водител и музички селектор кој црпи инспирација од субкултурата, слободата на подиумите, ерата на тек хаус музиката и летото на љубовта во Скопје. Со 25-годишно искуство во областа на дизајнот, радио и промоција на културата, тој сѐ уште го бара совршениот термин за да го инкапсулира сето она што го прави, но ужива во секој момент од тоа.*

*Социјално ангажиран и со цел за подобро општество во неговите дела најчесто се употребувани случките кои што го опкружуваат или што некогаш се случиле.. и оставиле силен печат врз него..*

*Во 2020 година, тој го започна подкастот „Celebrate Life", мотивиран од пандемијата за да иницира дискусии за Важноста на свеста за менталното здравје. Како љубител на винил, тој презентира широк спектар на музички жанрови, од џез и хаус до диско панк.*

*Досега има реализирано 8 самостојни изложби и неколку групни. Има изложувано во Скопје, Париз, Цеље, Загреб, Амстердам, Берлин како и vj настапи ширум балканот".*




s
oci
ety
solid
arity
www.indeg.info


empathy
solidarity
www.indeg.info


CELEBRATE LIFE


YOU ARE WORTH IT
REMEMBER


toge
ther
www.indog.info

# СПЕКТАКУЛАРНО НЕПОСЛУШНИ

ИВАН ИВАНОВИЌ

*Иван Ивановиќ роден на 17 февруари 1982 година во Сокобања, Србија е српски сликар, текстилен дизајнер, костимограф, графички и моден дизајнер. Се школувал во Средното уметничко училиште „Ѓорѓе Крстиќ", во Ниш, Србија, на отсек: Дизајн на текстил. Магистрирал на Факултетот за применети уметности во Белград, Србија, на Катедрата за современо облекување, во 2009 година, отсек: Костим, под менторство на професорката Ингрид Хуљев.*



Сликарството создава визуелна претстава на фигура или тело што истовремено се користи или како инструмент за ослободување од стереотипите или како средство за нивно бетонирање како цврсти факти, правејќи ги конструирани фикции за да ги оспоруваат идеите за родот и сексуалноста. Во оваа одлука, тие ги окупираат и невидливоста на погледот и видливоста на претставеното тело, постои исцрпеност и дезориентација што се создава во навигацијата помеѓу она што значи да се стане слика и како погледот и претставувањето се овековечуваат или поткопуваат. Визуелната уметност ни овозможува да ги направиме видливи инаку невидливите слепи точки во нашите општествени неуспеси, за да разбереме дека она што сме го утврдиле како цврст факт е токму она што мораме да работиме да го поништиме. Слично на тоа, квирнесот е токму она што не може да се претстави во целост, а неговиот уметник постојано осцилира помеѓу присуството и отсуството. Џудит Батлер го формулира тоа прашање како процес на меѓусебно конституирање и замаглување: *„Па така, ‘незамисливото’ (што значи квирнес) е во потполност во културата, но е целосно исклучено од доминантната култура. Квирнесот се движи на линијата помеѓу ‘другиот’ и ‘себството’ бидејќи, истовремено, е потребен за самодефинирање на нормативната сексуалност и премногу застрашувачки за да се вклучи во потполност во општите културни рамки“.*

Кога се користи зборот *квир* за да се опише уметност, секако се зборува за важноста на сексуалноста за уметноста – но секогаш не се карактеризира како *геј* творештвото на уметникот. Често се користи зборот квир за да се означат работи кои доаѓаат со хомосексуалноста, со припадноста на: лезбијската, геј и транс заедница, но кои навистина не можат да се сведат само на сексуален идентитет. Со други зборови, уметноста е квир ако делото и уметникот живеат надвор од конвенционалните и утврдените општествени норми, во спротивставеност на мејнстримот. Во тој поглед, *спектакуларната непослушност* му пркоси на востановениот општествен дискурс, на: хомофобичните, трансфобичните и бифобичните наративи.

Често се претпоставува дека видливоста е суштинска за присуството и сопствената репрезентација во општествениот простор (да се биде виден и слушнат). Меѓутоа, бидејќи видливоста е резултат на конструктивен процес кој се развива од постојните норми и сликарски традиции, таа е многу амбивалентна и затоа никако не може да се преведе во општествено влијание во чисто квантитативна смисла. Затоа што, дури и ако видливоста е потребна за да се ини-



цира некаква општествена промена, таа е поврзана со расудување и стигматизација што произлегуваат од мнозинската општествена перцепција на *квирнесоӣ*, што може да биде, како што е скоро секогаш случај, хетеронормативна и потенцијално насилна.

Првобитно, политички мотивираната форма на забава која го достигнала врвот на популарноста во XX век – *tableau vivant*, користи сцени од: сликарството, скулптурите, книжевноста и историјата за да влијае врз публиката, користејќи имитации во живо преку претстава. Има малку истражувања за *tableau vivant*. Некои сугерираат дека нејзината симболична и алегорична природа потсетува на раниот средновековен театар и пантомима, како и на ренесансните маски и претстави, додека други тврдат дека заради малата популарност *tableau vivant* не стана вистинска уметничка форма сè до крајот на XVIII век и почетокот на XIX век. Сепак, и покрај овој дискурс, некои од првите документирани употреби на *tableau vivant* може да се сретнат уште од XV век во северна Европа и Холандија. Во овој период, цели општини учествувале во многу разработени форми на прослава за да го дочекаат владејачкиот монарх при неговата прва свечена посета на градот. Повод за посетата на монархот традиционално било давањето и потврдувањето на привилегии на граѓаните, што често доведувало до тоа церемониите да бидат политички мотивирани. Живописните слики – *tableau vivant*, што се јавувале во текот на овие церемонијални настани, функционирале како примарно орудие за пренесување на основни политички

пораки. Изведувани се, главно, во срцето на градот, во близина на *Градската куќа*, што го зголемувало нивното значење и ги принудувало сите набљудувачи, како и гостинот монарх, активно да ги гледаат и да се вклучуваат во претставите. Во овие претстави, одредени граѓани претставувале: историски, библиски и митолошки личности со цел да ја пренесат општествено-политичката агенда и мислењата на жителите на градот. Бидејќи *tableau vivant* вклучувала и низа различни алегорични влијанија, општинската власт на перформансите гледала како на ефикасен метод за раскажување приказни за идеалниот однос на моќ и негување на нов политички однос меѓу монархот и општината без некаква одмазда кон растечкиот апсолутистички политички режим. Затоа, повеќето граѓани кои презентирале политички пораки во рамките на своите *tableau vivant*, тоа го правеле за да го убедат монархот да ги исполни нивните барања да ги повратат своите граѓански слободи и повторно да воспостават позитивни односи меѓу градот и монархијата. Врз основа на ова разбирање на историјата и функционирањето на *tableau vivant*, важно е да се контекстуализира употребата на оваа алатка во темата и делото: *Спектакуларно непослушни*, со цел преиспитување на традиционалните општествени норми, користејќи ги сите, или барем поголемиот дел од негативните наративи креирани и гласно искажани кон ЛГБТИ+ популацијата. ***Спектакуларно непослушни*** **може, оптимистички, да се опсервира како симболи на деконструктивен отпор кон ограничувањата наметнати од бинарните спротивставени страни што ги опкружуваат конвенционалните претстави за родот и сексуалноста.**

# ОД СЕКОГАШ ИМАВМЕ ЌЕРКА

ИЛЈА ЛИН ГЛАДКОВА

*Илја Лин Гладкова е аутистична,越родова личност, ЛГБТИК+ активист, прогресвен левичар, анти-капиталист, феминист и горд родител на трансродово дете и 4 мачки. Се занимава со пишување есеи и колумни на теми за аутизам, транс-родовост и социјална правда. Во слободно време игра Animal Crossing и се занимава со специјалните интереси како историја, култови, вистински злосторници, гастрономија и кулинарски вештини.*

Уште пред да се роди и да го вкуси воздухот, докторите доделија родова кутија за моето дете. Општеството ни наложи да го сместиме во кутијата и да го моделираме според актуелните родови трендови. А роднините и околината се потрудија да ги зачинат модерните трендови со традиционалната родова класика, и активно и строго да го осудуваат и најситниот прекршок на правилата кои и самите не успеваа да ги следат.

Иако не бевме поборници за строго следење на правила околу тоа што е прифатливо за момче, а што за девојче, особено противејќи се на традиционалните правила, сепак начинот на кој го одгледувавме неашето дете беше родово обоен.

Додека избиравме облека во сите бои од виножитото, вклучувајќи и розови тонови, моделите кои ги биравме беа исклучиво од одделот за момчиња. Добро ги курираме дури и пастите и четките за заби, шампоните и другата козметика кои секогаш беа со астронаути и пирати, никогаш со принцези и самовили.

Сметавме дека сите играчки се за сите деца, па го остававме детето самото да избира кои играчки ги сака. Беа дозволени сите оддели, дури и оној за кукли. Сепак нашето дете најмногу сакаше играчки кои можеш да ги расклопуваш и склопуваш, играчки кои можеш да ги трансформираш во друга форма, и кои имаат многу

подвижни делови, а таквите играчки практично не постојат во одделот за девојчиња.

Често кога си игравме со моето дете, фантазиравме или ги репродуцираме случувањата од цртаните филмови ни недостасуваше репрезентација за женските ликови. Иако во целата колекција играчки се наоѓаше и по некоја малечка кукла бебе, не беше доволно. Така при една особено елаборирана и епска фантазија ни недостасуваше сирената од подводната пештера. Играта ја ставивме на пауза цела недела, во која водев напорни и тешки преговори со моите родители да ни ја дадат мојата стара Барби сирена. Според нив, беше особено ризично момче да си игра со Барби, макар била само еден ситен детал во целата игра. Иако не кажуваа експлицитно, и користеа многу параболи и аналогии, добро ги знаев нивните грижи - сметаа дека така се станува геј.

Сепак успеав да ги убедам па при една посета кај нив не само што ја добивме потребната сирена, туку моето дете прв пат имаше прилика да допре кукли кои личат на возрасни луѓе, Барби на жена, а Кен на маж. По разгледување на цензурираната и добро измазнета човечка анатомија на барбиките, интересот го заврте кон моите стари плишани животни, играчки на навивање, колички и коцки. Сирената, која ја чекавме цела недела, заврши во категоријата досадни играчки. По ваквата реакција, на моите родители видливо им падна камен од душата, нивното внуче нема да биде геј.

Нив им олесна, но мене нешто почна да ми тежи во стомакот.

Овој страв од бидување геј не нешто кое е го учиме на училиште, ниту пак во јавните сервиси за информирање постои сегмент „10 причини зошто е лошо да бидеш геј“. Сепак цел свој живот сведочам како момчињата кои ги прекршуваат заповедите на машкиот род се најстрого осудувани и казнувани, не ретко со гадење им се придава епитетот феминизирани, или народски просто „педерчиња“.

Целата ситуација околу „страшната“ Барби, кај мене разбуди нова свесност. Почнав да ги забележувам сите малечки нешта кај моето дете кои не се вклопуваа најдобро во сината родова кутија. Дури и оние суптилни нешта кои никој друг, дури ни мојот сопруг не можеше да ги забележи.

Промените во сјајот на очињата кога со строг и прекорувачки тон не притискаа да го запишеме детето на некој групен спорт, за да ојачало, било многу нежно за нивниот вкус. Движењата на најситните мускули на лицето кога беше критикувано дека е повлечено и срамежливо. Чувствував како му се стега срцето кога преќутуваше

и се повлекуваше од агресивните задевања меѓу мажите во семејството со кои се обидуваа да го внесат нашето дете во нивното братство, каде преку шеговито насилство помеѓу нив, но и кон жените си докажуваа дека не се „педерчиња“.

При едено такво шеговито задевање за тоа како наскоро, со дедо и тато заедно ќе растат бујна брада докажувајќи ја својата машкост, моето дете панично и гневно вресна „МРАЗАМ БРАДА!“ Сите присутни, и мажи и жени, занемеа. Се обидов да го прекинам вџашеното зјапање во моето дете, објаснувајќи како не мора да се расне брада и како тато редовно се бричи па нема брада, по што разговорите се префрлија на други теми, но сепак непријатноста си остана да виси во воздухот.

По оваа случка почнав сериозно да се прашувам дали моето дете е геј. На оваа денонокна мисла и се спротиставуваше фактот што сите симпатии беа девојчиња, а коментарите како им се допаѓа на одредени девојчиња измамуваа едвај забележлива но јасна насмевка..

Хаосот во моите мисли само беше засилен од сите стереотипи, дезинформации и лаги кои тогаш беа моето единствено знаење за ЛГБТ луѓето. За мојата игнорантност за ЛГБТ луѓето можам да се заблагодарам на целото општество кое вложува надчовечки труд, енергија и материјални средства во бришење, прикривање и тешко цензурирање на релевантните и вистинити информации за ЛГБТ луѓето.

Знаев дека јас си го сакам детето, било геј или не, но знаев и дека веројатноста останатото семејство, вклучително и мојот сопруг, да го замразат и отфрлат е многу голема и реална. Немајќи безбедни луѓе, ниту пак контакт со некој ЛГБТ човек, со кои би можела да разговарам за моите дилеми и грижи, и да побарам совет, се завртев кон истражување на интернет.

Прашањето на кое барав одговор беше „како да знаеш дали твоето дете е геј“. Консензусот од сите релевантни експерти и ЛГБТ луѓе беше - остави му простор на детето прво да се осознае самото себе, едуцирај се и пружи му безбедна средина во која ќе може слободно да разговара за темите поврзани со сексуалноста и сексуалната ориентација.

Бев свесна дека ова Е вистинскиот одговор, сепак бев малку разочарана што не постои некој магичен тест кој без многу труд и време поминати во градење блискост и доверба со детето ќе ти покаже точно и брзо дали твоето дете е геј или стрејт.

Додека јас учев се повеќе за ЛГБТ луѓето, моето дете се соочуваше со фактот дека полека но сигурно се трансформира од дете во адолесцент. Се појавија првите влакненца на лицето, гласот почна да мутира, целото тело почна да му се менува. Комплиментите за промените во изгледот доаѓаа од сите страни, но наместо задоволство, предизвикуваа срам и стрес. Избегнуваше да се гледа во огледало, мразеше да се фотографира, а уште повеќе да се гледа себе на фотографиите. Дури и купувањето облека беше мака, а не радост. Почна да покажува и одбивност кон своето име, инсистирајќи да го користиме исклучиво галеното име.

Почна да се оддалечува од мене, затворајќи се во себе и физички изолирајќи се во сопствената соба најмногу што може. Секој мој обид да разговараме за она што ни лежи и тежи на душата беа остро одбивани. Почнав да се плашам дека можеби премногу притискам и дека ќе ја влошам ситуацијата. Знаев дека чува некоја голема и тешка тајна, и можев да го намирисам стравот од откривање на тајната, а сепак бев немоќна да помогнам.

Додека истражував и се обидував, безуспешно, да применам нова и нова метода на пристап, моето дете појде во средно училиште. Промената на средината имаше неочеквано позитивно влијание, одеше и се враќаше од училиште со широка насмевка. Набрзо почна интензивно да се дружи со неколку соученици, и со ентузијазам да раскажува колку убаво поминал училишниот ден. Сепак, страшната тајна сеуште тежеше во воздухот.

Почнав да се сомневам и да се плашам дека под влијание на новото друштво, може да прибегне кон употреба на дроги. Па иако не ја претресував собата, облеката и торбите, сепак фрлав по некој поглед во фиоките, џебовите и несесерите кога ќе ги оставеше доволно подотворени. Повремено ја мирисав и облеката, за да проверам дали мириса на чад.

Наместо цигари, џоинти и слично, налетав на лак за нокти и шминка за очи, како и мирис на женски парфем на јакната. Се насмеав со олеснување, претпоставувајќи дека некоја другарка ги заборавила, а моето дете ги собрало да и ги врати. Сепак сакав до-

датна потврда дека не користи droги, па почнав во секоја можна прилика да ги загледувам очите, со цел да забележам какви се зениците. И наместо невообичаено раширени зеници забележав недоизбришан траг од молив за очи.

Наместо потврда за ризично однесување, добив потврда дека сомнежот моето дете да е некоја буква од ЛГБТ е многу основан. Наоружана со знаењето стекнато од повеќегодишното истражување и едукација за ЛГБТ луѓето, решив будно да следам и да продолжам да истражувам се додека не стигнам до добро информирана претпоставка за тоа која буква од ЛГБТ е во прашање. А почнав и да отварам разговори за ЛГБТ луѓето, прашувајќи дали на училиште има ЛГБТ деца, како се прифатени и тн.

Многу брзо се уверив дека веројатно се работи за буквата Т - транс-родовост, кога  зад очилата за сонце, забележав не само траг од молив за очи, туку многу добро исцртани очи во стил „мачешко око". Како што разговаравме се повеќе за тоа колку е неразумно што светот ги мрази ЛГБТ луѓето, моето дете полека се охрабруваше да протечат малечки делчиња од големата тајна која ја чуваше во себе. Изрази желба да ги излакираме ноктите, со изговор дека речиси сите деца на училиште се лакираат. Потоа дојде желбата да се купат женски модни додатоци, бидејќи изгледаат убаво без разлика што се во женскиот оддел.

Дефинитивната потврда дека моето дете е трансродово дојде при една посета на роднини со кои е многу блиско и во кои има крајна доверба дека нема да биде осудувано за било што. Отидоа да купат облека дозволувајќи му на внучето да бира облека и од машки и од женски оддел. Кога се врати, моето дете сјаеше од среќа со маичката со пеперутки купена од женскиот оддел. Следниот ден се ослободи да ме покани и мене во потрага по фармерки, се разбира ги купивме од женскиот оддел, па на нив додадовме и една сукња. Таква радост и живост немав сведочено неколку предолги години.

Откако помина целата еуфорија, ме натежна мислата како ќе го прифати мојот сопруг фактот што нашето дете е трансродово. Сепак од реалноста нема бегање, па без разлика каква и да биде неговата реакција, морав да се соочам и справам со истата.

Со денови размислував како да му соопштам, формулирајќи реченици и цели говори, за кога дојде моментот да му кажам едноставно:

Никогаш не сме имале син. Отсекогаш сме имале ќерка.

По што следеше одговор дека и тој долго време се сомневал дека се работи за некоја буква од ЛГБТ, но не знаел точно која. Дека неговото дете си е негово и секогаш ќе ја сака, прифаќа и поддржува како тоа што е.

Нашата пеперутка конечно се почуствува безбедна да излезе од лушпата во која беше затворена со години. Кога се роди другите ни кажаа која треба да биде, 16 години светот на неа и кажуваше која треба да биде. Сега кога сигурно и храбро ги рашири крилата, на неа е да му покаже на светот, вистински, која е.

# ВЛАКНА И КАМЕЊА: КАКО ПРИФАЌАЊЕТО НА ТРАНСРОДОВИТЕ ЛУЃЕ ЗНАЧИ СЕБЕПРИФАЌАЊЕ И СЛОБОДА ЗА СИТЕ

КАИ ГЛАТКОВА

Овој текст го посветувам на нашите нескротливи тела, кои упорно, со секое влакно, се противат на стегите на нормалноста. Го посветувам и на транс-луѓето, чии животи денес се бојното поле врз кое се води војна за слободата на сите.

## Влакна

Имав околу 11 години кога на моите нозе се појавија првите влакна, а како што минуваше времето тие станувaa погусти. Кога првпат решив за ова да зборувам со моите родители, тие ми кажаа дека влакната се природен дел од пубертетот за кој не треба да се грижам, додадоа: „Освен ти, никој нема да ги забележи". Знаев дека влакната се нешто непосакувано, не беше првпат да гледам како мојата постара сестра си ги отстранува, па се погрижив моите секогаш да бидат скриени под облеката.

Пролетта, кога првпат забележав дека влакната на нозете ми станале густи, фатија горештини. До толку беше топло што не можев да поднесам да облечам долги панталони. Посегнав по еден шорц од плакарот на сестра ми, го облеков, се погледнав во огледалото и помислив дека нозете ми изгледаат убаво, но влакната се гледаа.

За момент се обесхрабрив, но си го повторив она што ми го велеа моите родители: „Освен ти, никој нема да ги забележи" и тргнав кон училиштето.

Сонцето светеше толку силно што црните влакна на моите нозе, бели како сирење, правеа сенка која уште толку ги истакнуваше, по цел пат не го тргнав погледот од нив. Како што се приближував кон училиштето, самодовербата ми паѓаше, но веќе поминав толку пат што беше невозможно да се вратам назад и да се преслечам. Стигнав пред училишниот двор, подзастанав, ги погледнав влакната и повторно си реков: „Освен ти, никој нема да ги забележи."

## Камења

Направив само неколку чекори во дворот кога слушнав како се издвои еден глас од поголема група деца: „Што е ова?" Веднаш друг глас му се приклучи: „Боже! Женско е или машко?" Знаев дека зборуваат за мене. Продолжив да чекорам напред, но наеднаш почувствував како куп камчиња удираат во моето тело. Не сум сигурна кои беа децата, ниту, пак, колку време фрлаа камења по мене.

За ова не кажав никому, не тогаш, туку во наредните 20 години. Во мојот ум самата јас бев виновна за тоа што се случи, а потоа ги обвинував и моите родители кои ме „излажаа". Ниту за момент не помислив дека децата беа виновни, мислев дека тоа што го направија  беше оправдана реакција на „абоминацијата" која помина покрај нив и ги раздразни нивните очи. Си мислев дека сите знаат како треба да изгледа едно девојче, па требаше да знам и јас и да се погрижам да изгледам така.

Дента по „каменувањето", дома скришум го земав бричот на сестра ми и во обид да си ги отстранам влакната си ги нанесов првите лузни на нозете, на кои низ годините ќе им се приклучат многу нови создадени од исеченици од жилет, изгореници од претопол восок и загноени фоликули. Наместо козметичка рутина, за мене депилацијата стана чин на самоповредување, пропратен со чувство на себеомраза која болеше повеќе од повлекувањето на лепливата трака.

## Ништо лично

Во основно, додека се задушував во срамот од мојата влакнавост, Матеј*, од седмо Б, ја доживуваше депилацијата како естетска рутина која е „хигиенска и ги прави нозете мазни" – како што еднаш им одговори на две момчиња кои го задеваа дека се депилира како „педер-

че". Навидум казнувани за спротивното, и јас и Матеј, всушност, бевме виновни за истиот престап – трансгресија на родовите норми.

Сега сфаќам дека не постоеше дете кое не беше казнето за истото, а не ретко оние кои беа казнувани ги казнуваа другите. Некој беше задеван бидејќи имаше премногу висок или длабок глас, друг, директно навредуван бидејќи се движеше премногу женствено/мажествено, или екскомуницирап заради интереси кои не беа прифатливи за неговиот род. Повеќе или помалку секој отстапуваше од нормите и никој не беше поштеден од казна. Целото ова насилство што ги жигосуваше нашите животи, како што ќе разберам неколку години подоцна, не беше ништо лично.

Неколку години откако почнав компулсивно да се депилирам, имав прилика да зборувам со две девојчиња на кои долго време им бев главна мета за потсмев, а потоа им здодеав. Кога решив пред нив да ја исмеам мојата недепилирана верзија од минатото, тие не можеа да се сетат дека некогаш сум била влакнеста. Се шокирав кога ми кажаа дека никогаш немале ништо лично против мене. Всушност, тие ја одиграле својата улогата на стражари на нормалноста и продолжиле понатаму со својот живот.

Научени од возрасните како треба да изгледаат и да се однесуваат нормалните мажи и жени, децата се дисциплинираат меѓусебно за отстапките, и ги создаваат границите во кои присилно се обликуваат нивните животи и тела. Бесконечно повторувајќи го овој процес, се убедуваме себеси дека реалноста којашто самите ја градиме и одржуваме е биолошки определена, па секој кој ќе отстапи од неа го доживуваме како неприроден и го третираме како да е непосакувано влакно.

## Денот кога зборував со Тина

Имам 30 години, со гордост го соопштувам мојот небинарен родов идентитет, свесна и комотна дека со тоа предизвикувам збунетост и аверзија. Сепак, иако летото е пожешко од било кога, сè уште носам долги панталони под кои ги кријам влакната кои упорно растат на моите нозе. Се обидувам да ја игнорирам жештината и целосно да се посветам на разговорот со Тина* – 16 годишна трансродова девојка.

Тина е висока околу метро и осумдесет, нејзината витка става ја држи исправено, но главата наведната. Очите ѝ се покриени со долги кадрави шишки, бујни како и остатокот од нејзината руса коса,

се прашувам како успева да гледа од нив. Одиме кон продавницата за да си купиме вода и се разминуваме со луѓе од кои Тина го крие својот глас, па на моите прашања одговара кратко и тивко. Пред да влеземе, ме замолува да зборувам наместо неа, внатре во продавницата, ми покажува со гестикулации што сака да си купи, како да е нема. Секоја со по едно шише ладна вода во раката, решаваме да седнеме на клупа подалеку од минувачите, за да разговараме.

Тука таа се чувствува доволно опуштено за да ги поттргне кадравите шишки откривајќи ги нејзините сини очи – крупни како на кукла и почнува да зборува смирено, повремено пуштајќи го баритонот на нејзиниот глас кој веќе е изменет од хормоните од пубертетот во кој влегла пред да почне со хормонската терапија.

Духовита, креативна, сензитивна и исклучително талентирана за уметност, уживам во разговорот со неа, но таа ми кажува дека нема многу пријатели и дека тие неколку коишто ги стекнала се онлајн познанства. Тина ретко, или воопшто, не излегува од дома, освен кога мора да оди на училиште. Свесна е дека светот е опасен за неа, па секогаш ја одбира најбезбедната рута до нејзината дестинација и внимава во нејзиното однесување нешто да не ја „издаде“ дека е трансродва. Забележав дека е постојано на штрек, ми потврди, велејќи дека секој ден очекува дека тоа е денот кога ќе го доживее насилството што ѝ претстои, според статистиките.

Според проектот за Мониторинг на убиства на трансродови луѓе (ТММ) од октомври 2022, до септември 2023 година се убиени најмалку 321 трансродови и небинарни луѓе. Во овој број не се вклучени сите убиства, бидејќи при документацијата често се изоставува родовиот идентитет на жртвата. Од убиените, 94 % се транс-жени.

Кога некој ќе ми каже дека стравува за својата иднина, веднаш сакам да го утешам велејќи му дека тоа нема да се случи. Денот кога зборував со Тина одлучив да не изговорам никакви утешни зборови, добро знам дека тие нема да ја сменат реалноста во која живее.

## Влакно во кашата

Причината заради којашто телата на транс-луѓето се призор што вознемирува, е што во нив го гледаме сето она што со „дрва и камења“ сме научиле да го казнуваме кај другите и што го мразиме кај себе, па казнувајќи ги нив се потсетуваме што ќе ни се случи ако престанеме да ги дисциплинираме своите тела. Во транс-луѓето

ја рефлектираме омразата што ја имаме кон себе, но ја гледаме и љубовта и слободата што би можеле да ги живееме. Сепак, трансродовите луѓе не се на овој свет да служат за исфрлање на туѓите фрустрации, ниту, пак, се тука за да инспирираат и да го помогнат индивидуалниот пат кон себеприфаќањето на сите останати. Напротив, тоа се само луѓе, кои не по своја волја ја играат улогата на влакното во родовата каша, која колективно ја готвиме и одржуваме на температура на вриење.

Па, наместо да фрламе по оној кој не е одговорен за нашите проблеми, време е да го оставиме каменот на земја. Наместо да продолжиме да инвестираме во насилен свет во кој секој секого го казнува, да се обидеме заедно да создадеме нежен и грижлив свет. Тогаш ќе можеме да растеме без трауми, без страв да се движиме на начинот што ни прилега и да зборуваме без да си го стишуваме гласот. Тогаш ќе имаме време да се запознаеме себе и избор да одлучиме што со нашите животи и тела.

Време е да ја прифатиме нашата непокорна природа, која упорно, со секое влакно се противи на стегите на нормалноста и да бидеме слободни.

*Имињата на личностите во текстот се изменети.

# ПОЕЗИЈА НА АНОНИМЕН АВТОР

АНОНМЕН АВТОР

Kam lind në një burg,
muret e së cilit nuk i shoh,
por i ndiej tu ma nxan mishin pisk
çdoherë kur guxoj me lyp me u çel.

Këtë qeli të tejdukshme
s'e shpon as rrezja ma e fortë e diellit,
e ti ma prek lëkurën e paprekur
dhe habitesh se pse është kaq e ftoftë.

Dhe njejt si një kafshë e nxan në kurth,
une mpreha dhambët në eshnat e mia,
tu pre pjesë të vetes e tu pyet
nëse liria është ma e ambël se gjaku.

Се родив во затвор,
чии ѕидови не ги гледам,
но чувствувам како силно ми го штипат месото
секој пат кога ќе се осмелам да побарам да се отвори.

Оваа проѕирна ќелија
ни најсилниот сончев зрак не ја пробива,
и ти ја допираш мојата недопрена кожа
и се прашуваш зошто е толку студена.

И како животно фатено во стапица,
ги изострив забите на моите коски,
сечам дел од себе и се прашувам
дали слободата е послатка од крвта.

ISSN 2671-3209